**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ – МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

# ЗАКАНИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ВРЗ ЕКОНОМСКАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ

---

Кандидат

Николоски Дејан

Ментор

Проф. Д-р Митко Котовчевски

**Скопје**

**3/10/2014**

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ..... 4
1. КРИМИНАЛ ..... 6
2. ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ..... 8
2.1. ПРИРОДА И ЗНАЧЕЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ..... 8
2.2. ФАКТОРИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ..... 10
2.3. КРАТОК ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА РАЗВОЈ НА КОНЦЕПТОТ ЕКОНОМСКО - ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ ..... 16
2.4. КОРПОРАТИВЕН ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ..... 18
2.5. ПОТРЕБА ОД БОРБА ПРОТИВ ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ..... 20
3. ЕКОНОМСКА БЕЗБЕДНОСТ ..... 23
3.1. ЕКОНОМСКА И НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ ..... 25
3.2. ЕКОНОМСКАТА И КОРПОРАТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ КАКО СЕКТОРИ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ ..... 27
3.3. ЕКОНОМСКА БЕЗБЕДНОСТ И ЕКОНОМСКА СЛОБОДА ..... 30
4. ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ КАКО ЗАКАНА ЗА НАЦИОНАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И БЕЗБЕДНОСТ ..... 33
4.1. ЗАГРОЗУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА БЕЗБЕДНОСТ И ЕФЕКТИ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ ..... 37
5. ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ВО ЕВРОПА ..... 39
6. ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ..... 43
6.1. ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ..... 44
6.1.1. Транснационална нееднаквост ..... 44
6.1.2. Географска ранливост ..... 45
6.1.3. Потеклото на организираниот економски криминал ..... 46
6.1.4. Профитирање од приватизацијата ..... 49
6.2. КРИМИНАЛОТ И КОНФЛИКТОТ ..... 50
6.3. ПОСТ КОНФЛИКТЕН ПЕРИОД ..... 52
7. АКТУЕЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ОРГАНИЗИРАНИОТ ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ..... 54
7.1. ЗАТАЈУВАЊЕ НА ДАНОК И ФАЛСИФИКУВАЊЕ ..... 55

7.2. ПЕРЕЊЕ ПАРИ ... 57

7.3. КОРУПЦИЈА ... 61

7.4. ИЗМАМА ... 66

7.5. САЈБЕР КРИМИНАЛ ... 67

7.5.1. Сајбер криминал во Македонија ... 70

8. БОРБА ПРОТИВ ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ... 71

8.1. СТРАТЕГИЈА И СРЕДСТВА ЗА БОРБА ПРОТИВ ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ – ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ... 72

9. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЗАКАНИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ВРЗ ЕКОНОМСКАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ ... 79

ЗАКЛУЧОК ... 102

Користена литература ... 105

## ВОВЕД

Економскиот криминал е доста застапен и привлекува големо внимание, поготово кога постои можност да се натпреварува со законската економија на стопанисување со производи и услуги. Економскиот криминал наликува на форма на правна економија и зазема сè поголем обем и тоа во профитабилна и активна организирана форма.

Експертите сметаат дека „процентот на нелегални економски активности во светот е многу висок со голема застапеност во сиромашните, земјите во развој, државите во транзиција, а воопшто не изостанува ниту во најразвиените економии. Иако во некои случаи статистиката забележува намалување на нивото на застапеност на економскиот криминал, реално тој претставува сериозна закана за сите земји независно од развиеноста, на национално и на глобално ниво.

Многу истражувачи ја истакнуваат врската помеѓу економскиот криминал и организираниот криминал, затоа економскиот криминал, како и организираниот криминал се тесно поврзани со политиките на државите.

Економските односи заедно со производствениот и дистрибутивниот процес претставуваат едни од најважните односи во општеството бидејќи тие го одредуваат социјалниот и политичкиот поредок на земјата, квалитетот на животот на населението, нивото на развој на националниот безбедносен систем и економското и политичкото влијание на државата во меѓународните односи.

Националниот економски систем евидентно е во функција на сите други ресурси и области на општествениот живот. Неговиот развој и заштита се од витално значење и интерес, односно тие претставуваат приоритет на секоја современа држава која се залага за економска стабилност, независност и безбедност. Тоа е причината зошто националната економија е заштитена од дисфункција, стагнација, регресија и сите други закани на општествените односи во производствениот и дистрибутивниот процес. Таа цел се постигнува со помош на националната економска политика и кривичното законодавство кои се извршуваат од страна на специјализирани органи како составни компоненти на политиката за национална безбедност. Воедно, заштитата на имотот, деловните активности и вработените спаѓаат во доменот на националната безбедност за

што се грижат и други безбедносни актери кои го сочинуваат т.н. корпоративен сектор за безбедност.

Организираниот криминал не постои сам за себе, тој е испреплетен во општествените текови и опстојува како таков во склоп на истите. Механизмот на интеракцијата помеѓу државните институции и организираниот криминал укажува на преклопување на нивните вредности, цели и интереси во општеството како комплексен општествен систем. Оваа спротивставеност воглавно е генерирана од разликата во вредностите, и понатаму води до фактот дека „секој систем се обидува да се наметне на спротивната страна со своите параметри (вредности, цели, интереси)".

Секој вид на криминал претставува закана за одредени сегменти од општеството загрозувајќи ја безбедноста на граѓаните и на државата во целина. Под услови кои му одат во прилог, тој се распространува во толкава мера што многу тешко може да се спречи, може да се каже дека неговото искоренување е идеал и скоро невозможно. Економскиот систем како национална вредност и неговата безбедност се под директно и индиректно влијание на денес добро познатиот економско-финансиски криминал. Заради глобализацијата која веќе подолго време станува начин на живот, можностите за присуство и ширење на економскиот криминал се зголемуваат до степен до кој потребата за акција станува неизбежна.

# 1. КРИМИНАЛ

Поимот криминал е латински збор што значи злосторство. Активностите проследени со криминал се дејства што се забранети со закон, тоа се дејства што го загрозуваат имотот, интегритетот на личноста и вредностите во општествената заедница. Тоа се дејства чие ширење може да го загрози функционирањето на општеството. Криминални дејствија се: имотни деликти, сообраќајни прекршоци, крвни деликти, морални престапи, економски прекршоци, политички престапи итн.

Криминалните дела не се разликуваат само според нивниот вид, туку и според мотивот. Во современото динамично, технолошки развиено и брзо променливо општество, државите континуирано се соочуваат со тешкотии да воспостават контрола над криминалот. Одредени држави преземаат засилување на мерките за намалување на овој ризик, како на пример зголемувањето на бројот и ефикасноста на државните институции. Меѓутоа, се појавува дополнителен проблем кој се состои во тоа што тие воглавно дејствуваат врз последиците, а не и врз елиминирање и намалување на причините.

Современата криминологија го дефинира криминалот на три начини:

- Тргнувајќи од позициите кои произлегуваат од позитивното право на конкретното општество – држава,
- Анализа на криминалот како општествена појава и
- Определување на криминалот како правна и социолошка категорија.

Заради прегледност на поделбата на криминалот, класификацијата се врши врз одредени критериуми. Една од четирите поделби е направена врз основа на тежината на кривичните дела (тешки и лесни).[1]

Сторителот на криминално дело може да биде и физичко лице и правен субјект. Една нормативна дефиниција го смета криминалот за девијантно однесување кое ги крши постоечките правни норми – културните стандарди кои пропишуваат какво треба да биде нормалното однесување на луѓето.[2] Овој социолошки пристап посочува на сложената реалност којашто го опкружува концептот за криминалното дело и бара да се сфати како

---

[1] Котовчевски Митко, Национална безбедност, Филозофски Факултет, Скопје, 2011

[2] Livesey Chris: www.sociology.org.uk

променливите општествени, политички, психолошки и економски услови можат да влијаат врз тековните дефиниции за криминалното дело и врз формата на правните одговори, одговорите на спроведувањето на законот и казнените одговори од страна на општеството. Оваа структурална реалност продолжува да се менува често предизвикувајќи несогласувања. На пример, како што се менуваат културната и политичката околина, одредени однесувања се сметаат за незаконски или не. Тие пак директно влијаат врз статистичките криминални стапки, го утврдуваат распределувањето на средствата за спроведување на ваквите закони, како и влијанието врз општото јавно мислење.

Со зголемувањето на својата моќ во форма на капитал, човечки ресурси, зголемување на социјалното политичкото и економско влијание, организираниот криминал, како само-развоен и само-организирачки систем, презема чекори за самоодбрана создавајќи цврста структура која би вклучила истражување и развој, па дури и контраразузнавање. Еден од механизмите за опстанок и развој на економскиот криминал како еден вид организиран криминал е корупцијата која може да се смета како начин за продирање во јавните државни тела со цел нивна неутрализација и онеспособување на властите да се борат против истиот.

Со употреба на повеќе капитал, лидерите на организираниот криминал можат на различни начини (на пример, учество во финансирањето на изборните кампањи, организирање на митинзи и шоу настани или добротворни настани) да влијаат на политичките процеси, јавното мислење, па дури и владините решенија. Со личен мотив како добивање на личен профит или моќ и власт што подоцна повторно служи за збогатување, криминалот добива економско финансиска карактеристика и како таков поминува во мноштво други криминални форми што современо се нарекува економски криминал.

## 2. ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ И ВИДОВИ НА ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Нелегално стекната економска моќ брзо го шири своето влијание во сите сфери на општествениот живот, особено за постигнување на криминални цели преку инфилтрација во легалните економски текови.[3] Заради таа причина, современиот економски криминал е крајно деструктивен што се потврдува со неговата природа, фактори и карактеристики.

### 2.1.ПРИРОДА И ЗНАЧЕЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ

Најнапред, важно е да се разбере природата на економскиот криминал. Економски криминал, како што е општо познато, е кривично дело сторено од лице на одреден социјален статус во текот на неговото работење. Економскиот криминал е случај на отстапување на прекршителот од неговата професионална должност. Исто така, најголем дел од законите кои се вклучени или нарушени не се дел од традиционалниот кривичен законик. Такви кривични дела се корупцијата, корпоративна измама, јавна измама, даночно затајување, шверц, манипулација со хартии од вредност, фалсификување, измама со кредитни картички, еколошки криминал, прекршок во врска со интелектуална сопственост и поновиот феномен – сајбер криминал.

Слика 1 – Измами со кредитни картички



[3] Milošević G., "Evazija poreza," Nauka – bezbednost – policija, Kriminalističko-policijska akademija – Hanns Seidel Stiftung Belgrade, No. 2, 2006

Овие злосторства се различни од традиционалните злосторства во карактеристиките на нивните цели и начинот на работење. Традиционалниот криминал инволвира мали суми на пари и често користи брутална сила и конвенционални алатки за да се постигне целта. Од друга страна, кривичното извршување на економски криминал се занимава со големи суми на пари и вклучува технологија и комуникации за извршување незаконско комерцијални трансакции, злоупотребува бази на податоци или организира масовни измами. Неговите жртви се неуки и наивни лица кои често остануваат несвесни за фактот дека биле измамени.

Друга важна карактеристика на економскиот, комерцијален, корпоративен криминал е тоа што тој често се смета како „добар бизнис", а добриот бизнис често бара скратен пат. Законските повреди од страна на корпорациите често се сметаат како дел од деловниот систем, слично како индустриска шпионажа или психолошко-сугестивни маркетинг техники. Овие активности се на еден начин продолжување на капиталистичкиот систем кој се базира на профит и техничко придржување кон содржината наместо духот на законот.

Таквите злосторства го чинат општеството многу скапо. За разлика од конвенционалните злосторства кои влијаат на одредени поединци, економскиот криминал влијае на општеството како целина. На пример, лажното рекламирање поттикнува јавноста да инвестира во производи кои ги немаат саканите карактеристики. Несигурни лекови, пестициди и адитиви во храната влијаат на здравјето на илјадници. Изложеноста на индустриски опасности, како што се небезбедна опрема и отровни материјали и зрачења имаат негативен ефект врз животниот век и здравјето на работниците. Причината лежи во фактот што многу облици на економски криминал се релативно невидливи во споредба со насилниот криминал. Ефектите на економскиот криминал врз општеството се манифестираат како јавен страв и загриженост, а се засилуваат во случаи кога директно влијаат на личната безбедност.

## 2.2. ФАКТОРИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ

Економско - финансискиот криминал низ историјата ги менувал појавните облици форми, но од аспект на сторителите секогаш се издвојувал по нивните својства, позицијата и моќта која произлегува од привилегираната позиција или функција во општествено - економските и политичките структури. Ситуацијата, моќта во која се наоѓа човекот во одреден период од животот го прави алчен, односно чесниот човек се претвора во криминалец.

Основните карактеристики по кои се одликува економскиот криминал може да се сублимираат во следните:

- паралелна употреба на криминални и правни методи во економските односи со цел остварување на лични криминални цели,
- постоење на криминално-организациски модели кои може да се нарачаат според функционални и пазарни принципи,
- градење на криминални мрежи прилагодени на потребите за функционирање на криминален пазар во економските текови,
- еволуција на криминалните методи со кои придонесуваат во неговата софистицираност,
- употреба на стручно знаење во криминалните операции,
- ориентација кон заработувачка во реализацијата на континуирани легални и нелегални економски активности,
- адаптибилност на потребите на легалните и нелегалните пазари,
- изнаоѓање на нови профитабилни области во економско-финансиските операции кои се отворени за криминална експлоатација,
- мноштво форми на дејствување,
- прилагодливост на тенденциите во економското законодавство и модели на однесување на надлежните државни органи за сузбивање на организираниот економски криминал,

- маскирани форми на делување (маска на успешни бизнисмени со добри контакти во политиката, спортот, државните органи, политичките партии, медиумите, итн.) и
- тенденција за стекнување на економска и политичка моќ и влијание врз општествените текови во служба на лични криминални цели.[4]

*Казнено-правен пристап*

Казнено-правниот (кривично-правниот) пристап тргнува од критериумот – нападнат објект, определен и прифатен во посебниот дел од казнениот закон – кривични дела чиј објект на непосреден напад се економските односи, стопанството и стопанскиот систем. Меѓутоа, со оваа одредница проблемот не е разрешен бидејќи економските односи се комплементарни и тие опфаќаат повеќе подрачја од заштита на стопанскиот систем (економските односи) со казнени одредби и норми.

*Криминолошки пристап*

Криминолошкиот пристап кон дефинирање на економско – финансискиот криминал тргнува од појавните облици и форми на криминалот, но се запазува и етиолошката страна на криминалот, односно причините и условите кои му одат во прилог на овој тип на криминал.

*Организиран економско финансиски криминал*

Организираниот криминал може да се одреди како дејност која вклучува голем број лица во тесна општествена интеграција, организирани на хиерархиска основа, со цел стекнување на профит и моќ во водењето нелегални или делумно законити активности кои што со релативно мал ризик обезбедуваат висок профит.[5]

[4] Milošević G., Evazija poreza, Nauka – bezbednost – policija, Kriminalističko-policijska akademija – Hanns Seidel Stiftung Belgrade, No. 2, 2006

[5] Abadinsky JR. H., L. T. Winfree, Understanding Crime: Essentials of Criminological Theory, Cengage Learning, Wadsworth, 2009

Економскиот криминал претставува вид на организиран криминал, и тоа не само поради фактот што се работи за колективен криминал (правно лице како колектив на поединци здружени врз основа на интерес на капиталот и кое работи со цел остварување на профит), туку и поради неговата врска со организираниот криминал. Се работи, имено, за злоупотреба на менаџерските структури или компании извршени во определен социјален и организациски контекст во кој самата организација претставува бизнис - рамка за избор на средствата и на целите на криминалното однесување. Нееднаквата положба, големината, профитот и концентрацијата на капиталот, дисперзијата на активностите на компанијата, сличниот или различен социјален и професионален статус на поединците во случаите кога станува збор за „криминалци со бели јаки" имаат клучно влијание врз карактеристиките на економскиот криминал.

*Криминолошки карактеристики*

„Злодело" претставува противопштествен акт кој повредува некое право. Комплексната природа на криминогените фактори на овој криминал упатуваат на нивна поврзаност со директно влијание на екстерните социјални фактори, „интеракцијата" меѓу поединецот и општеството. Додека, личните, био-психолошки фактори ги надополнуваат претходните и имаат клучна улога во криминалното однесување на поединецот (сторител) кој се активира доколку тој е предизвикан од директно влијание на социјалните фактори. Конкретно, кај овие криминални однесувања може да зборуваме за проблемот со социјалната диверзификација, односно немањето на еднаков пристап кон остварување на прокламираните цели, во случајот тоа се криминалните цели. Ова значи дека криминалната активност може да биде извршувана со однапред определени личности кои по било кој основ се стекнале со посебни својства на одговорни или службени лица. Самата ситуација им оди во прилог во нивните криминални однесувања, па често во последно време меѓу граѓаните се зборува дека: „тешко се доаѓа до функција и до жиро сметка, а потоа лесно е збогатувањето".

Финансискиот криминал е легитимно достапен не само на лицата кои имаат статус на лица со „бели јаки" т.е. на позиција, моќ, власт. Границите меѓу легитимните и нелегитимните цели и средства и релативноста на нивно остварување предизвикува сè потешко доаѓање до јасен одговор на основното прашање: што е легитимно, а што неправо

и криминално. Нелегитимното често за сторителите станува легитимно, потребно, морално. Нивното сфаќање е дека сѐ што прават е дозволено и е во рамките на дадените овластувања.

*Феноменолошки карактеристики на економско – финансискиот криминал*

Појавни облици на економско - финансиски криминал:

- Економско – финансиски криминал во сферата на работните односи,
- Економско – финансиски криминал во сферата на здравството,
- Економско – финансиски криминал против имотот – специфични видови на измами, стечаен криминал и лихварство,
- Економско – финансиски криминал против јавните финансии, платниот промет и стопанството – даночни затајувања и фалсификувања, перење пари, царински криминал, криминал во сферата на регулаторните компетенции и сл.,
- Економско – финансиски криминал против службената должност,
- Економско – финансиски криминал против правосудството,
- Економско – финансиски криминал против правниот сообраќај,
- Економско – финансиски криминал против јавниот ред и мир итн.

*Кривично – правни карактеристики*

- Дефинирање на својства на сторителите,
- Службено лице,
- Одговорно лице,
- Правно лице,
- Странско службено и одговорно лице,
- Странско правно лице,
- Лице што врши работи од јавен интерес,
- Одговорност на правните лица,
- Замрзнување и Конфискација на имот.

Кривично – правни карактеристики во однос на категоризацијата на економско – финансиските кривични дела систематизирани од повеќето случаи на криминални дела од областа на економскиот криминал (од случаите во Македонија):

- Според битие на дело,
- Според начинот на извршување,
- Според својствата на сторителите,
- Според мотивот – стекнување на противправна имотна корист.

Кривично – правни карактеристики (битие на дело)

- Дела насочени спрема правата на работниците и правата кои произлегуваат од работен однос,
- Дела насочени спрема јавните финансии – јавните приходи и јавните расходи,
- Дела насочени спрема регулаторните компетенции на Државата,
- Дела со елементи на измама – специфични облици на измама,
- Дела насочени спрема законските должности и овластувања,
- Дела насочени спрема правниот сообраќај,
- Дела со елементи на фалсификување – специфични облици на фалсификати.

Кривично – правни карактеристики (начинот на извршување)

- Активни и пасивни дела,
- Злоупотреба на овластувања,
- Измама,
- Фалсификување.

*Фактори на економскиот криминал*

Факторите кои му одат во прилог на економско – финансискиот криминал може да се групираат во три групи и тоа: политички, економски и правни.

1. Политичките фактори се концентрирани на неограничена и неконтролирана извршна власт. Разликата помеѓу останатите облици на власт и политичката власт би била во поседувањето или непоседувањето на политичката моќ за убедување и влијание врз донесувањето на битните општествени одлуки од страна на државната власт,

2. Економскиот фактор го илустрира своето дејство во процесот на приватизацијата. Економскиот фактор се огледа преку мотивите на сторителите – стекнување на противправна имотна корист,

3. Правните аспекти на ваквите појави во почеток се изразени со недостаток на соодветни законски прописи, а откако ќе се донесат законски прописи, тие веќе не се почитуваат или свесно се изигруваат, постоење на одредби за замрзнување, конфискација, одговорност на правните лица, одредби за својствата на сторителите, дополнителни санкции и професионални забрани.

Како најзначајни криминолошки фактори на економско - финансискиот криминал би ги издвоиле следните:

1. Недостаток на политичка волја,
2. Партизацијата во извршната и судската власт, јавните претпријатија и установите на државно и локално ниво,
3. Нецелосната законска регулатива и недоволната контрола на примената на законите од страна на надлежните органи или институции,
4. Моќната економско - финансиска олигархија која станува силна потпора на власта,
5. Неефикасната, политизирана и партизирана јавна администрација која е во директна спротивност со основните одредници на плебисцитарната битка за законитост,
6. Политизацијата на судството и непотизмот,
7. Дискреционите овластувања на министрите,
8. Овластувања за донесување подзаконски акти,
9. Пасивизацијата на Јавното правобранителство,

10. Нетранспарентна и бавна приватизација,

11. Неефикасно функционирање на јавниот сектор,

12. Политичка активност и конфликтот на интереси.

## 2.3. КРАТОК ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА РАЗВОЈ НА КОНЦЕПТОТ ЕКОНОМСКО - ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ

Иако економскиот криминал е пошироко поле на истражување, често се поистоветува со финансискиот криминал, а исто така се среќава и концептот – економско-финансиски криминал.

Финансиски криминал како вид на криминал претставува злоупотреба на имот вклучувајќи незаконска употреба на сопственост (која припаѓаат на едно лице) за сопствена лична корист. Облици на финансискиот криминал се: измама (измама со кредитни картички, кредитни измами, осигурителна измама, медицинска измама, корпорациска измама, измама со хартии од вредност вклучувајќи злоупотреба на овластени информации во тргувањето со хартии од вредност), банкарска измама, измама на исплата на финансиски средства, измама во здравствената заштита, кражба, измама со злоупотреба на доверба, даночно затајување, поткуп, проневера, измама со кражба на идентитет, перење пари и фалсификување (вклучувајќи и производство на фалсификувани пари и стоки за широка потрошувачка).

Финансискиот криминал може да вклучи и дополнителни кривични дела како што се компјутерски криминал, финансиска злоупотреба на постари лица, вооружен грабеж, па дури и насилниот криминал, како што се кражба и убиство. Финансиски криминал може да се врши од страна на поединци, корпорации, или од страна на организирани криминални групи. Жртви се поединци, претпријатија, големи корпоративни групации, влади, дури и цела економија.

Освен оваа дефиниција, во литературата се среќаваат објаснувања за финансискиот криминал од различна гледна точка. Еден приод наведува дека финансискиот криминал е еднаков на измама на платниот систем и обично вклучува

финансиска институција и елемент на измамата. Тоа подразбира банки, осигурителни компании или други финансиски фондови.[6]

Многу би рекле дека финансискиот криминал зафаќа поширока област од измами поврзани со финансиски институции. Некои сугерираат дека финансискиот криминал е приближно еднаков со оние дела кои резултираат со финансиска загуба, но не вклучуваат насилство (кражба со перо – корпоративни измами, наместо употреба на оружје – насилства и убиства). Други пак разликуваат кривични и граѓански прекршоци која диференцијацијата е проблематична бидејќи државата отсекогаш била, и е онаа институција која се справува со спречување на финансиските прекршоци и се потпира на кривични казни (на пример законите за оданочување и трговија).[7]

Во деведесеттите, авторите сугерираат дека финансискиот криминал ги опфаќа делата како што се проневера, даночно затајување, измама со хартии од вредност, мито, банкарска и осигурителна измама, измама преку пошта или телефон, неконкурентно однесување итн.[8] Кај тие диференцијации се забележува значењето на релевантноста со законот во државите. Понатаму, внимание привлекуваат механизми на „ниска технологија" како што се фалсификати и измами на хартии од вредност и други опипливи и неопипливи неготовински средства. Во ерата на iPod настојуваме да се осврнеме и на фактот дека финансискиот криминал вклучува дигитални мрежи кои го прошируваат обемот на можности за вршење на финансиски измами и фалсификати (сајбер-криминал). Од друга стана пак, со растот на претприемничките активности се појавуваат различни можности за финансиски криминал, и тоа во однос на советувањата и инвестициите, од финансиска гледна точка тие можат да нанесат многу поголема штета од обичните измами од мал размер.

Ретроспективно, поважни концепти на економскиот криминал се:

---

[6] Gottschalk Petter , Investigation and Prevention of Financial Crime: Knowledge Management, Intelligence Strategy and Executive Leadership, Gower Publishing, Ltd., Farnham, 2010

[7] Blair William & Brent Richard, Banks and Financial Crime: The Law of Tainted Money, Oxford University Press, Oxford 2008, Tyree Alan & Weaver Prudence, Weerasooria's Banking Law, 6 ed, Chatswood: Butterworths, 2006

[8] Braithwaite John, Crime and the Average American, Law & Society Review, 1993, 215-230, Weisburd David, Elin Waring & Ellen Chayet, White-Collar Crime and Criminal Careers, Cambridge, 2001

1. Економско - финансискиот криминал низ историјата е подведуван под терминот „криминал на бели јаки“ или „ white collar crime“, првите појавни облици на криминални однесувања биле карактеризирани со измами, прикривања, злоупотреби и даночни затајувања кон владеачките слоеви.

2. Lex Acilija – римски чиновници (двоен износ),

3. Lex Servilija – римски чиновници (двоен износ и губење на политички права),

4. Constitutio Criminalis Carolina 1532 во Германија,

5. Во Франција во 1716 година бил формиран посебен суд чијашто надлежност била да суди во последен степен за сите злоупотреби,

6. Со Законикот од 1791 година, во Франција била издвоена посебна групација на инкриминации како „Злосторства на јавните службеници во вршењето на доверената власт“,

7. Во втората половина на 19 век појавата на злоупотреби и останати облици на криминални однесувања од економско - финансиската сфера добила масовен карактер. Се случиле голем број на корупциски афери,

8. Компарација на првите Законици и сегашните во однос на санкциите,

9. 1939 Edwin Sutherland - Претседателот на Американското социолошко здружение.[9]

## 2.4.КОРПОРАТИВЕН ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Корпоративниот – „бизнис“ криминал се јавува кога се работи за злоупотреба на бизнисот, пред сè во приватниот сектор, од страна на субјектите кои имаат легитимна позиција на економската сцена. Последиците од ваквите злоупотреби не мора да се манифестираат како штетни последици за конкретно оштетените. Поаѓајќи од фактот дека не постои повреда на јавниот поредок, овие дела се помалку очигледни и застрашувачки во споредба со општиот криминал, нивното откривање и контрола главно им е препуштено на самите компании, правната регулатива има ограничена сфера, така што

[9] Николоска С. , Кривични дела против службената должност, Графотранс, Скопје, 2008

приватните интереси и неформалните решенија по правило имаат предност пред јавните. Постои амбивалентен однос кон дозволеноста или штетноста на незаконитите постапки на компанијата, разните злоупотреби во сферата на економијата се непогодни за казнено - правните забрани.

Слика 2 – Корпоративен криминал



Во смисла на заштита и безбедност од корпоративниот економски криминал, има широк дијапазон санкции, почнувајќи од оние кои имаат административен, до оние од казнен карактер. Под притисок на потрошувачите се засилува и државната интервенција во регулирање на однесувањата во бизнис секторот. Заземањето на определен криминално - политички став во однос на широчината на репресијата подлежи на силно влијание на расправата за воспоставување на рамнотежа меѓу приватниот интерес и јавното добро.

## 2.5.ПОТРЕБА ОД БОРБА ПРОТИВ ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ

Со оглед на тоа дека во минатиот век, акцент се става на заштита на државата од потенцијални непријатели (повреда на територијалниот интегритет, суверенитетот, интегритетот на границите, регионите и одржување на даноците итн.), денес концептот се проширува во обезбедување на сигурноста на секој поединец и секој дел од општеството кој е интегриран во него. Во овој контекст, се поставува прашањето, дали државата може да го обезбеди општеството, но и поединецот?

Значителен дел од транснационалниот организиран криминал се потпира на природата на глобалниот економски криминал. Средствата од извршувањето на транснационални кривични дела како трговија со дрога, изнудување, корупција, затајување данок, шверц на оружје, тероризам, и измама треба да се исперат. Меѓународната економска закана од страна на глобалниот организиран криминал, во растечката глобална економија е меѓу главните „нови" закани за националната безбедност. Глобалниот економски криминал не влијае само на одредена група на финансиски институции или регионални области, тој влијае и на меѓународните финансиски мрежи и економиите на национално ниво. Перењето на милијарди долари во организираниот криминал го влошува националниот долг бидејќи се губат големи суми на финансиски средства како даночни приходи за владата на таа земја. Глобалниот организиран криминал и неговиот економски дел имаат штетен ефект и врз политичките структури, особено во кревките демократии и економиите во развој. Кога народот има чувство дека владата е немоќна да го запре организираниот криминал, тој се свртува кон криминалните лидери заради заштита, па политичките институции почнуваат да се распаѓаат.

Економскиот криминал сѐ почесто е присутен во многу земји, особено во оние кои се во процес на економски, социјални или политички развој. Истрагата на ваквите дела се соочува со голем број на тешкотии заради самите форми на „нелегални монополи" или „производство на небезбедни производи", или пак утврдувањето на одговорноста (на власта, на корпорацијата или поединци). Исто така, често е многу тешко да се докаже намерата во извршувањето на кривичното дело. И на крај, а можеби и најважно, јавноста која иако станува се посвесна за природата на тие дела, во голема мера е апатична, па дури

и немоќна да изврши притисок врз владата оставајќи го проблемот во рацете на одредени групи.

Соработката меѓу глобалните организирани криминални групи се зголеми како што се намалија ограничувањата на меѓународните граници. „Странските“ засолништа за криминалците и нивните средства го отежнуваат спроведувањето на законот и можноста да се трага по нелегални профити, да се соберат докази против криминалните лидери и да се идентификуваат криминални групи. Овие глобални мрежи им овозможуваат на организирани криминални групи во голема мера да го зголемат профитот и обемот на нивните активности, како и нивните методи за избегнување на локалните власти. Тие стануваат сè повешти во споделувањето на информации, вештини, трошоци, пристап до пазарот и ја зголемуваат својата моќ.

Слика 3 – Глобализација на економскиот криминал




Финансиските трансакции, додека се сосема легитимни, се исклучително комплексни и вклучуваат финансиски системи на многу земји. Финансиските пазари работат со голема брзина што се должи на современите комуникации и електронска обработка на податоци, и како резултат на тоа, се појавува одредена несоодветност. Треба да се посвети внимание на регулирањето на финансиските и економските активности на таков начин на кој би се поттикнала слободна конкуренција која не би била задушена од

процеси и бирократија. Со други зборови, мора да се создаде баланс помеѓу регулаторните и правните системи.

Конечно, од посебно значење за заштита и унапредување на економскиот систем е безбедносната култура, како на индивидуално, така и на национално ниво.

Вклучувањето во меѓународните програми за спречување на економскиот криминал е исто така мерка за достигнување на економска безбедност, поготово за државите кои имаат потреба од меѓународна помош. Недостатокот на нашиот систем во поглед на технолошкиот развој, немање брза и конкретна информација за одредени дејствија и движења во најблиските земји и во Европа претставува пречка за брзо и ефикасно разбирање и оценување на дејствувањето на криминалните групи и организации против кои се бориме.

На ниво на едукација нашата држава повторно заостанува при што немањето на вистинска информација води кон погрешен правец, па така и оценките за одредени кривични дела кои се во подем се обработуваат без поширока анализа и истите, иако имаат обележја на кривични дела од доменот на финансиски криминал, не се рангирани како такви.

На овој план неопходна е соработка со повеќе органи, особено со органите за откривање на криминални дејствија, па користењето на законските определби за соработка уште во фаза на откривање ќе даде и соодветни резултати.

Најчести облици на финансиски криминал во Македонија се:

- *Измама при добивање кредит или друга погодност од чл.249 од КЗ,*
- *Осигурителна измама од чл.250 од КЗ.*
- *Навлегување во компјутерски системи од чл.251 од КЗ,*
- *Неовластено примање подароци од чл.253 од КЗ.* [10]

Како комплексно прашање, прашањето за финансискиот криминал мора да се обработува што е можно поитно. Искуствата од нашето соседство и пошироко укажуваат дека со неефикасното делување на овој план, финансискиот криминал по неговата појава многу лесно се шири, навлегува длабоко во државните и приватните институции, а со тоа

[10] www.pravo.org.mk

и го поместува функционирањето на истите и на општеството воопшто. Токму заради тоа, неговата застапеност бара посебно внимание на што повисоко ниво.

## 3. ЕКОНОМСКА БЕЗБЕДНОСТ

Ако сакаме да разбереме што значи економска безбедност мора најпрво да ја дефинираме. Со времето, во различни периоди од развојот на општеството воопшто, економската безбедност била дефинирана на различни начини и различни аспекти во зависност од актуелната ситуација на државите на национално и глобално ниво. Во деведесеттите години на минатиот век, безбедноста била дефинирана како „релативна слобода од војна, придружена од релативно високи очекувања дека нема да се доживее пораз во случај на појава на војна или други закани"[11]. Понатаму оваа дефиниција се развива до „продолжување на слободата од закани и способноста на државите и општествата да го одржат нивниот независен идентитет и нивниот функционален интегритет против силите на промените кои се сметаат за непријателски." Основата на оваа дефиниција на безбедноста е опстанокот....

Според некои автори,[12] модерниот концепт на безбедност може да се подели во пет нивоа: лична безбедност, национална безбедност, меѓународна безбедност и глобална безбедност.[13] Според тоа, може да се каже дека безбедноста не може едногласно да се одреди, секоја дефиниција зависи од основните вредности, аспектот на разгледување и намерата за која се употребува. Економската безбедност пак е уште поограничен концепт, па ако го занемариме релативизмот во одредувањето на овој феномен, заради целите на истражувањето, ќе се потрудиме да се послужиме со субјективен пристап базиран на повеќе теоретски основи.

---

[11] Buzan Barry, People, States & Fear: The National Security Problem in International Relations, Department of International Studies, University of Warwick, 1991, Grizold A., Tatalović S., Cvrtila V., Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti, Fakultet političkih znanosti Zagreb, 1999

[12] Buzan et al. (1998), според најчесто среќаваните нивоа на анализа: (i) меѓународен систем, (ii) меѓународен подсистем, (iii) единици, (iv) подединици, (v) индивидуи.

[13] Друга поделба на безбедноста е направена на поглобално ниво: национална безбедност, меѓународна безбедност, регионална безбедност, транснационална безбедност и глобана безбедност (Schultz, Godson, Quester, 1997).

Економската безбедност е динамичен процес, најпрво одреден од макроекономското окружување кое е поврзано и влијае на средишното ниво (претпријатијата и корпоративниот бизнис) и микро ниво (индивидуалните потреби). Од друга страна, директно и индиректно, економската безбедност се појавува како концепт на макроекономско ниво кое се одредува преку макроекономските индекси (БДП, стапка на невработеност, инфлација итн.).

Националниот економски систем е витална национална вредност, додека неговата заштита и унапредување, како битни потреби, придобивки и предности се од посебно значење за опстанокот на нацијата т.е. се од национален интерес.

Економската моќ на една земја е мерката на нејзината моќ во меѓународните односи заради тоа што има директно влијание врз воената и политичката моќ. Сиромашните земји се „слаби", а богатите земји „силни" играчи на меѓународната сцена. Значи, несомнено е дека економската моќ е важна детерминанта на националната безбедност.

Оваа ситуација, како и состојбата на постојано можно загрозување на националната економија (од природни феномени, техничко-технолошки несреќи и деструктивно човеково однесување и активноста на други држави или меѓународни организации), резултираше со „обезбедување" на економски систем во теоријата и практиката на националната безбедност. Во тој контекст, одржувањето, подобрувањето, развојот и заштитата на економијата се од национален интерес и се наоѓаат меѓу приоритетите на државите. Оваа витална национална вредност, исто така е во корелација со социјалниот, еколошкиот и одбранбениот сектор, односно секторот на националните и меѓународните политики за безбедноста воопшто.

Важноста на економски систем на една земја, како и неговата ранливост ја оправдува потребата за постојана и посебна заштита. Во знак на заштита на економските ресурси и обезбедување на економски и национален просперитет, позитивните ефекти од борбата против економскиот криминал се рефлектираат и преку превенција и сузбивање на криминалот и корупцијата, подобрување на стабилноста на финансиските институции и пазари, позитивен економски развој и позитивниот углед во рамките на меѓународната заедница, подобрување на управувањето со ризикот и други финансиски техники на институциите, зголемен пазарен интегритет итн. Со цел надминување на овие национални

безбедносни предизвици, потребно е да се постигне поголем степен на координација и соработка меѓу полицијата, банкарскиот систем, царината, специјализираните тела за спречување на перење пари, девизните инспекторати, финансиската полиција, инспекторатот за трговија и други безбедносни актери.

Воедно е неопходно да се развие методологија и софтвер за ефикасна анализа на безбедносните ризици и закани во и надвор од економските субјекти, како и соработка помеѓу внатрешниот сектор на економската безбедност и актерите на безбедносниот систем, релевантните научно-истражувачки институции, локалната самоуправа и меѓународните специјализирани институции и организации.

## 3.1.ЕКОНОМСКА И НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Националната безбедност е најстариот концепт за безбедност според кој во фокусот на безбедноста е државата, односно нејзиното „одржување", виталните вредности (суверенитетот, територијалниот интегритет, политичката независност, опстанокот, националното единство и националната економија) и државните интереси во надворешната политика кои се предмет на заштита од директните закани кои доаѓаат од други држави. Основно средство за (само)заштита на државата од надворешни закани е нејзината „сила" која генерално се однесува на војската, придружена од нејзината економска моќ.

Постојат голем број на дефиниции и согледувања во литературата и истражувањата. Во делото „Национална безбедност" на Митко Котовчевски, националната безбедност е дефинирана како – способност на државата целосно и успешно да ги заштити своите витални национални, државни и општествени вредности, опстанок и идентитет од сите облици и видови на загрозувања.[14]

Националната безбедност е проучувана од страна на голем број на автори во неколку темелни подрачја: политичката безбедност, економската безбедност и социјалната безбедност.

[14] Котовчевски Митко, Национална безбедност (2013), Филозофски Факултет, Скопје

Современиот и доста широко прифатен концепт за разбирање на националната безбедност е синтеза на безбедноста на граѓаните и државната безбедност, како и придонесот на државата во меѓународната и глобалната безбедност. Сублимирано, таа се сфаќа како состојба на непречено остварување на развој, уживање и оптимална заштита на националните и државните вредности и интереси кои се остваруваат, одржуваат и развиваат во функцијата на безбедноста на граѓаните, националниот безбедносен систем и наднационални безбедносни механизми, како и отсуство на страв од загрозеност (на поединец или група), и колективно чувство на спокој, сигурност и контрола на развојот на идните појави и настани од значење за животот на општеството и државата. Вредностите кои се заштитени во склоп на оваа состојба се: на прво место, мир, слобода, права и безбедноста на луѓето и социјалните групи, квалитетот на животот, национално единство, достоинство, гордост и идентитет, здрава животна средина, енергетската стабилност, економски и социјален просперитет, ресурси на информации, правниот поредок и владеењето на правото, територијален интегритет, политичката независност и опстанокот на државата и општеството. Интересите на кои се укажува се во функција на референтните вредности.

Важноста на економскиот систем дополнително се потврдува и со фактот дека покрај воената моќ, економска моќ е традиционален „лост“ на националната безбедност и улогата на државата на меѓународно ниво, економската моќ е во голема мера „прилагодлива“, што значи дека лесно може да се трансформира во воена сила (купување на оружје), додека работната сила може да се пренасочи од граѓанската сфера на воената индустрија и воена служба, така што богатството може да се изедначи со потенцијал за воена мобилизација. Покрај тоа, економска моќ, исто така може да се смета како остварлива функционална замена за воена моќ, за офанзивни и дефанзивни цели. Економските војни, блокади и санкции се применуваат со цел да се оневозможи економијата на непријателската земја и, индиректно, нејзиниот воен потенцијал. Исто така, економска моќ може да даде огромен придонес за национална безбедност во случај на економска војна, со што земјата е поотпорна. Заради овие причини, се смета дека економската независност, односно постоење на доволно домашни суровини и производствени капацитети и доволно голем и ефикасен домашен пазар, односно,

економска независност од увоз и извоз, е средство за успешна одбрана, односно национална безбедност.[15]

Ова е причината зошто националната економија има статус на „висок безбедносен фактор“ во теоријата и практиката на националната безбедност.

## 3.2. ЕКОНОМСКА, КОРПОРАТИВНА И НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Неспорно е дека националната економија е од витално значење за општествените и државните вредности, таа е неопходна за опстанок, развој, секојдневно функционирање и напредок на државата и општеството. Нејзиното значење за социјалната сигурност на граѓаните и развојот на националниот безбедносен систем е евидентно. Во исто време, економската моќ е една од детерминантите на националната моќ кои ја дефинираат позицијата на државата на меѓународната политичко-безбедносна сцена. Ова со сигурност го потврдува фактот дека економската политика е составен дел на националната модерна безбедносна политика што претставува ориентација на секоја држава.

Националната економија не е и не претставува едноставен збир на економски вредности. Нејзината цел е да се објасни начинот на кој општеството донесува одлуки во врска со производството, потрошувачката и размената на стоки, да понуди знаење и одговори во врска со прашањата поврзани со економското функционирање и реакција под променети околности и услови.[16]

Всушност, националната економија опфаќа голем број на активности кои се однесуваат на производство и дистрибуција на стоки и обезбедување на услуги неопходни за животот на луѓето и функционирањето на општеството и државата. Производство е предуслов за опстанок на општеството и стимулант преку кој се задоволуваат човековите потреби за производи и услуги кои постојано се обновуваат и зголемуваат. Почнувајќи од

---

[15] B. Møller, "Nacionalna, socijetalna i ljudska bezbednost – Opšta razmatranja sa prikazom balkanskog slučaja," Ljudska bezbednost, No. 1, Fakultet civilne odbrane, Beograd, 2003, 44-45

[16] G. Milošević, N. Golubović, Ekonomska aktivnost i društvena struktura – društvena ukorenjenost ekonomske aktivnosti, Ekonomske teme, Ekonomski fakultet, Niš, 2009, 70

производство како прв процес, неизбежно произлегува прашањето за ограничената природа на економските ресурси. Ограниченоста на ресурсите е показател за ограниченоста на производствениот капацитет на економијата. Економскиот избор во услови на ограничени економски ресурси бара рационална распределба бидејќи ресурсите кои можат да се користат на различни начини. Од аспект на националната економија, распределбата на ресурсите е можна преку примена на алтернативи: пазарот и државните интервенции.

Целта на производство е потрошувачката, односно задоволувањето на различни човечки и социјални потреби. Дистрибуцијата се јавува како неопходен посредник меѓу производството и потрошувачката затоа што ја одредува количината на производи и услуги кои се користат за задоволување на потребите на поединци, групи и заедници, како и за продолжување и проширување на производствениот процес. Таа се врши и директно и индиректно, преку различни форми на размена и трговија, додека слободната размена на стоки и услуги се одвива на пазарот.[17]

Односите во рамките на процесот на производство и дистрибуција се најважните социјални односи бидејќи тие ги утврдуваат вертикалните слоеви на општеството, неговиот општествен и политички поредок. Токму заради тоа, тие не се оставени на времето и настаните, туку се предмет на организација, ред и насочување. Систематски подредените односи врз основа на формата на сопственост на средствата за производство го сочинуваат економскиот систем на земјата. Ова е специфичен збир на односи на институциите и на поединците во кој ограничените ресурси се користат со цел да се задоволат различни лични и јавни потреби за производи и услуги.

Заради горенаведеното значење, општествата и државите ја штитат економската безбедност од дисфункција, стагнација и регресија, како и од други закани за општествените односи во процесот на производство и дистрибуција. Тоа се постигнува преку политиката на националната економија, кривичното право и механизмите за корпоративна безбедност.

Области на интерес на економската политика се: развојните економски цели на една земја, нејзините агенти чиј интерес е вграден во целите и инструментите за нејзино

---

[17] G. Milošević, Osnovi ekonomije, Kriminalističko-policijska akademija, Hanns Seidel Stiftung, Beograd, 2007, 60

остварување. Предмет на активностите на економската политика од општа гледна точка е процесот на општествена репродукција и постојаното зголемување на материјалното богатство. Економската политика е средство за постигнување на економски цели, но исто така може да послужи и за остварување на други цели кои може да се постигнат преку употреба на економски инструменти (социјални, политички, здравствени, културни, демографски, безбедносни итн.). Така, државата не може да ја постигне својата улога во економската сфера ако потребите на граѓаните и на општествената заедница во другите сфери не се задоволени во доволна мера.

Националниот економски систем е во функција на сите други државни ресурси и сфери на општествениот живот. Поради ова, и пред сè поради неговото значење за системот за безбедност, развојот и заштитата на економскиот систем, претставуваат еден од виталните национални приоритети и интереси на секоја модерна држава која се стреми кон економска стабилност, независност и безбедност.

Економска безбедност е заштита на економските потенцијали од физичка загрозеност и отсуство на закани кои можат да ја загрозат економската стабилност и независност.

Економска стабилност пак претставува согласност, регуларно функционирање на економскиот систем, односно постигнување на саканата и планирана состојба на економски развој, нејзината постојана заштита и заштита на интересите на производителите и корисниците (потрошувачи).

Економска автономија е независност од странските економии (увоз), меѓународни донации и помош. Станува збор за еден степен на економска самостојност што е од национален интерес за многу земји.

Се разбира, ваквите тенденции не смеат да преминат во т.н. економски национализам (изолационизам), економска аутархија и стопирање на увозот и извозот. Тоа би бил ризик за националната безбедност имајќи ја предвид потребата да се воспостави единствен меѓународен економски поредок во кој економските ресурси и производи ќе бидат разменети во согласност со јасно дефинирани правила. Ова сè почесто е случај кога знаеме дека економски неразвиените и зависни народи и држави кои мораат да ги задоволат потребите на своите граѓани преку увоз, немаат капацитети и моќ да бидат на рамноправна основа во меѓународните односи со богатите и развиените земји. Како

резултат на тоа, тие сè повеќе се склони кон правење отстапки како резултат на притисок и уцена, што се рефлектира на сите нивоа на државната безбедност. Ова е особено очигледно во контекст на можноста за економската криза чии последици можат да бидат „катастрофални" манифестирајќи се во форма на зголемена невработеност, сиромаштија, глад, болести, граѓански немири, меѓународни конфликти, итн.

Економската безбедност е на многу начини условена од нивото на информациски развој и безбедност, технолошки развој на земјата и енергетската безбедност. Способноста на државата ефикасно да ги задоволи своите енергетски потреби со сопствени извори на енергија, исто така овозможува непречено да се постигне економски развој, со еден збор: „не постои економија без енергија". Дигитализацијата и автоматизација на производството и енергетските капацитети се очигледен предуслов за развој на економската и енергетската моќ на земјата. Сиромашните земји не се материјално способни да му посветуваат поголемо внимание на технолошки развој и на тој начин се ориентирани кон традиционалните производствени техники. Како резултат на тоа, богатите стануваат уште побогати, а сиромашните уште посиромашни што доведува до зголемување на јазот помеѓу „просперитетните Север и Запад" и „сиромашните Југ и Исток."

## 3.3.ЕКОНОМСКА БЕЗБЕДНОСТ И ЕКОНОМСКА СЛОБОДА

Во некои од капиталистичките држави кои успеаја да се одржат на врвот на својот развој, во претходните децении, пазарните односи беа содржани во името на социјалната правда без да се загрози основната определба на земјите кон принципите на капитализмот или економски либерализам. Социјалните програми кои ја промовираат идејата на колективното добро имаа централна улога во поранешниот државен режим. Во средните децении на минатиот век, овие заложби беа највидливи во два вида на јавно дејствување: да се демонстрира подготвеност за споделување на трошоците од нерамномерно распределени ризици преку создавање на социјални програми и просторна редистрибуција (изедначување) на средствата. Резултатот беше мешан модел. Напредните европски држави кои успешно ги спроведоа своите социјални и економски стратегии се изградија во великодушни социјални држави кои ги штитат граѓаните од многу ефекти на

пазарното општество. Во некои случаи пак, државите повеќе се насочија кон дефинирање на социјалните права на државјанство градејќи заштитни мрежи, отколку кон промовирање на поголема еднаквост на состојба или активна структура на пазарот на труд. Универзалните програми беа ограничени на образованието, здравствената заштита, семејни додатоци и пензиите.

Односот помеѓу економските и социјални услови и културата се од круцијално значење за вградување на социјалната правда во јавната политика каде што се појавува неизбежна потреба за промовирање на микс од либерални и социјал-демократски вредности со цел да се одржи рамнотежа помеѓу економската слобода и економската сигурност.

Во денешната ера на глобализација, во демократските општества овој однос е неизбежен. Повторно сме соочени со прашањето колкава разновидност во социо-економските услови кои се резултат на слободниот пазар сме подготвени да толерираме. Или пак, дали димензиите на социјалната и културната разновидност се во поголема корелација со економската положба, така што одредени групи се изложени на ризик од исклучување од општествените текови врз основа на раса, етничка припадност, пол итн. Интеграција во главните текови на општеството не може да се спроведува на ист начин како порано поради разликите во моделите на економските и социјалните нееднаквости.

Обезбедувањето на економска сигурност за сите може да вклучи надминување на блокадите од страна на некои групи во стекнување на вистински пристап до пазарите, а со тоа до работни места и стока (на пример, случајот на имигранти).

Современите политичко-економски и правни системи, во напорите да спречат нелегални активности, ги диктираат можностите на своите граѓани да го најдат своето место и пат во општествениот тек со што истовремено ги штитат, но и ги ограничуваат. Така, се создаваат незадоволства и недоверба во системот што пак поттикнува барање на начини да се заобиколат директивите на државата со цел да се оствари неопходниот профит, но и многу повеќе од тоа. Ова претставува една од причините за појава и практикување на различни видови на економски криминал.

Економската слобода е концепт кој е од особено значење за оваа студија заради тоа што е тесно поврзана со двата главни концепти – економски криминал и економска безбедност.

Економската слобода е основно право на секој човек да го контролира неговиот или нејзиниот сопствен труд и имот. Во економски слободно општество поединците се слободни да работат, произведуваат, консумираат и да инвестираат по своја сопствена волја, но во исто време се заштитени и ослободени од било кои рестрикции од страна на државата. Во економски слободните општества, владите им овозможуваат на трудот, капиталот и стоките слободно да се движат без ограничувања до степен кој е потребен за да бидат заштитени и да ја одржат таа состојба на слобода.

Студиите за економската слобода ги изучуваат односите меѓу економската слобода и позитивните социјални и економски вредности како што се приходот по жител, стапки на економски раст, човековиот развој, демократија, елиминирање на сиромаштијата и заштита на животната средина. Имено, економската слобода игра важна улога во поглед на:

- владеењето на правото,
- демократијата, редот и законот, како и економскиот раст,
- економска слобода и економска привилегија,
- сопственичките права и проблемот на ресурсите,
- бизнисот и управувањето.

Индексот на економска слобода, како показател на нивото на економска слобода во државите, обезбедува рамка за разбирање на тоа колку се истите отворени кон конкуренцијата, каналите на државна интервенција во економијата (преку оданочување, трошење или регулирање), и исто така, моќта и независноста на судството да ги спроведе законите и да ја заштити приватната сопственост. Важно е да се забележи дека економската слобода се разликува од политичка слобода (учество во политичкиот процес под еднакви услови, конкуренција во политичката моќ и слободни, демократски и фер избори) и од граѓанската слобода (пристапот до правично судење, слобода на религијата, слободата на говорот).

## 4. ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ КАКО ЗАКАНА ЗА НАЦИОНАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И БЕЗБЕДНОСТ

Економски криминал опфаќа криминално однесување и активности кои потекнуваат од економските односи и економски и неекономски активности. Тој е насочен против економскиот систем, без оглед на формите на сопственост и како таков е санкциониран со кривичното право. Тој претставува значаен сектор на организираниот криминал.[18]

Современите криминални организации се ориентирани кон профит; тие базирајќи се воглавно на пазарот во комбинација со криминалните активности и модерни информациски и високо технолошки методи дејствуваат активно, професионално и ефикасно. Присуството на организираниот криминал во економските активности е очигледно, како што е и дозата на организација со која фукнкционираат криминалните групи. Пенетрацијата во законските економски текови им овозможува „учење“ и злоупотреба на современите бизнис техники и придонесува за софистицираност во работењето и проширување на сферите на влијание. Економската моќ на организираниот криминал се користи за здобивање со политичка моќ, додека политичката моќ е инструментот што се користи за постигнување на кривични цели. На овој начин, економскиот криминал станува закана за националната и меѓународната безбедност. Неговата интернационализација ги прави ефектите сѐ поштетни бидејќи овозможува брзо прилагодување на условите на меѓународната економска средина. Ова исто така дава можност за пристап до глобалните економски текови, разни криминални пазари и оф-шор финансиски центри, како и зголемување на капацитетите за оценување на ризикот од кривично гонење за поединечни категории на веќе извршиените или планирани злосторства.[19]

---

[18] Paoli L., The Banco Ambrosiano Case: An Investigation into the Underestimation of the Relations between Organized and Economic Crime, Crime, Law and Social Change, No. 23, Netherlands, Springer 1995

[19] L. I. Shelly, Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to the Nation-State, Columbia Journal of International Affairs, No. 48, Columbia University, New York, 1995, 464

„Валканите пари" овозможуваат вклучување на криминалните организации во легалните економски активности и корупција на државните органи. Така се прикрива криминалната активност, нејзината природа и потекло и постоењето на незаконски стекнати ресурси, т.е. овозможува непречено уживање од приносите од криминални дела. Последователно, економскиот систем и конкуренција на пазарот се загрозени и се нарушуваат економските, политичките и социјалните текови на национално и меѓународно ниво. Користејќи ги легалните бизнис структури и прифаќајќи ги правилата на функционирање на светот на бизнисот, структурата на криминалните организации станува слична на онаа на законските субјекти. Доста често, легалните бизнис организации се наоѓаат под конкурентен притисок од „подземјето" што ги принудува да користат нелегални методи. Токму овој феномен често се нарекува корпоративен криминал.[20]

Економскиот криминал исто така претставува закана за многу земји кои спроведуваат економски реформи преку приватизација. Криминалните организации се во можност да ги „исфрлат" законските купувачи на државните претпријатија од аукции нудејќи повеќе (валкани) пари и користејќи уцена, насилство и корупција. Преку купувањето на претпријатијата криминалците го зголемуваат својот потенцијал за дополнителни криминални активности како корупција и затајување на данок.

Средствата од економскиот криминал вешто се пуштаат во пазарот преку национални и меѓународни финансиски системи ефикасно „поткопувајќи" ги. Особено значајни се економските и социјалните последици во земјите во транзиција. Нивните пазари најчесто се мали и ранливи на пореметувања кои можат да настанат како резултат на криминални активности. Нивната ранливост е особено изразена поради: недоволно развиени институции на нивниот економско-финансиски систем, неспособноста на нивните финансиски институции да користат мерки за идентификација на обидите за прикривање на потеклото и инвестициите на криминални профити, ниското ниво на спроведување на мерките за сузбивање на организиран криминал или нивно недоволно или селективно спроведување, неефикасно казнување вклучувајќи тешкотии во извршувањето на одредбите за конфискација на нелегално стекнат профит, и ниското

---

[20] G. Bošković, Organizovani kriminalitet i legalno poslovanje, Organizovani kriminalitet–stanje i mere zaštite, Policijska akademija, Beograd, 2005, 596

ниво на обука и експертиза на органите одговорни за сузбивање на економскиот криминал кои често се недоволно развиени.[21]

Економскиот криминал генерира уште повеќе криминал и корупцијата со зголемување на степенот на употреба на поткуп во „клучните точки на системот“ како што се вработените и менаџментот на финансиските институции, адвокатите и сметководителите, законодавните тела, агенциите за спроведување на законите, надзорните институции, полицијата, јавните обвинители и судовите. Тој има негативно влијание врз финансиската безбедност на земјата и стабилноста на финансиските институции, пред сѐ на банкарскиот сектор, брокерски фирми, осигурителни компании и компаниите за управување со инвестиции. Економскиот криминал исто така предизвикува губење на профитабилните бизнис операции, проблеми со ликвидноста, нарушување на банкарските опции, трошоци за истражување на проблемите, конфискација на средствата и казнување, кредитни загуби, намалување на вкупната вредност на акциите на финансиските институции, загрозена бизнис репутација, губење на довербата во институционалниот интегритет, затворање на бизниси итн.

Употребата на деловните субјекти кои се само навидум законски и наводно се ангажирани во законскиот промет (т.н. фронт компании кои не се активни и не се наоѓаат на нивната регистрирана адреса) ги мешаат легалните и нелегалните средства со цел да се „маскира“ нелегално стекнатиот профит . „Валканите пари“ се користат за пласирање на производи и услуги, дури и по цени пониски од пазарните. Единствена цел е да се зачуваат, заштитат и да се легализираат нелегално стекнатите средства, а не да се генерира профит. Како резултат на тоа, законските компании имаат тешкотии да бидат конкурентни. Во исто време, криминалната добивката се користи за контрола на целата индустрија или економски сектори на одредени земји, со што се зголемува нивната монетарна и економска нестабилност. Пенетрацијата на организираниот криминал на правно финансиските текови овозможува нивна употреба за целите за избегнување на данок со негирање на приходите нанесувајќи материјална штета на земјата-домаќин.

Репутацијата на некои земји како „рај за организираниот криминал и перењето пари“ влијае доста негативно на нивниот развој. Странските финансиски

[21] Bartlett B. L., Negative Effects of Money Laundering on Economic Development, Economic Research Report for Asian Development Bank, Asian Development Bank, Manila, 2002, 31

институции ги ограничуваат трансакциите со нивните институции, извршените трансакции се подлежни на поголема контрола, а во некои случаи се прекинуваат економските односи. Дури и законските фирми и деловни потфати од овие земји може да страдаат како резултат на ограничениот пристап до глобалните пазари или повисока цена на средствата поради воспоставената контрола и сомневање во врска со нивната сопственост, организација итн. Секоја земја која е позната поради неуспехот да преземе соодветни мерки за сузбивање на организираниот економски криминал има тешкотии со привлекувањето на странски инвеститори, додека евентуалната поддршка од други влади е сериозно ограничена.[22]

Општо земено, негативните ефекти на економскиот криминал најчесто се манифестираат преку зголемување на стапките на криминал и корупцијата во општеството, ослабување на легалните економски субјекти кои се соочуваат со нелојална конкуренција, намалени даночни приходи поради тоа што финансиските средства се канализираат до незаконски финансиски текови, штета на меѓународниот углед на земјата, слабеење на финансиските институции и уништување на нивниот кредибилитет, компромитирање на економијата и приватниот сектор, како и нарушување на процесот на приватизација.[23]

Најчесто, економските криминални активности во нашата земја се поврзани со бескрупулозните бизнис практики, злоупотреба на овластувања, недозволената трговија, избегнување на данокот, злоупотреба на службената должност, фалсификување на официјални документи, проневера, примање и нудење на мито, корупција во државната управа, јавните набавки и процесот на приватизација, како и други кривични дела во стопанството и службени должности. Во Македонија, економскиот криминал е доста развиен и еден од најпрофитабилните и најмалку ризични типови на криминал.[24]

---

[22] Courakis N., Financial Crime Today: Greece as a European Case Study, European Journal on Criminal Policy and Research, 9(2), Springer, Netherlands, Summer 2001, 212

[23] Bošković G., Efekti prodora organizovanog kriminala u legalne ekonomske tokove, Revija za bezbednost, No. 7, Centar za studije bezbednosti, Beograd, 2008

[24] Bošković G., Metodi suzbijanja organizovanog kriminaliteta u oblasti privredno-finansijskog poslovanja (PhD dissertation), Pravni fakultet, Kragujevac, 2007

## 4.1.ЗАГРОЗУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА БЕЗБЕДНОСТ И ЕФЕКТИ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Поради нивната важност за функционирање на државата и општеството, како и нивната номинална и апликативна вредност, економските потенцијали на секоја земја се „посакувана и атрактивна" цел за многу носители на безбедносни закани. И покрај развиената архитектура на националните системи за безбедност и секторите за безбедност на економскиот систем, поради неспособност за владеење и просторна дисперзија без можност за апсолутен физичко-технички мониторинг и контрола, економските потенцијали стануваат „лесни" цели. Загрозеноста и дисфункцијата на економскиот систем може да има различни форми, како што може да има примарни и секундарни штетни ефекти. Во принцип, тие се поделени на:

- оние кои потекнуваат од рамките на системот (внатрешни),
- оние кои доаѓаат од надвор (надворешни) и
- закани од комбинирано потекло (комбинирани).

Меѓу безбедносните закани со внатрешно потекло, најчести се материјалните штети и дисфункционалности кои се појавуваат случајно поради неактивност или занемарување на дел од вработените или менаџментот. Секако, најопасни се заканите кои се предизвикани со свесна и намерна активност на човечкиот фактор. Тие имаат широк спектар, од кражба на работна опрема и материјали, до различни (горе наведените) форми на економски криминал и саботажа како облик на политички криминал.

Исто така, постојат различни надворешни закани за економскиот систем. Најчести се оние од сферата на т.н. имотен криминал (присвојување на суровини и производи), но доста застапени се и случаите на економско-политички криминал. Во тој контекст, овде е глобално познат феноменот на т.н. економски тероризам / диверзија, кој им се заканува на економско-енергетските капацитети на државите. Не треба да се игнорираат ни случаите на пиратерија и нападите врз персоналот во економско-енергетскиот сектор. И, нема потреба дополнително да се коментира за ефектите од загрозувањето на економските субјекти во случаите на вооружена агресија или

интервенција, особено во случаите на пост-модерните воени агресии за кои со сигурност може да се каже дека се „економско мотивирани“.[25]

Повеќето од овие видови и форми на загрозеност на енергетскиот систем, исто така може да имаат комбинирано потекло. Меѓу нив, видливи се различни типови на компјутерски и други форми на високо-технолошки криминал: незаконски импути во информатичките системи на економските субјекти, копирање и замена на производи, кражба или уништување на деловни податоци, намерно предизвикување на дисфункција на економски субјект, индустриска шпионажа, пренасочување на финансиски ресурси на приватни сметки, пренасочување на параметри на економски субјект кон „самоуништување“, вршење на компјутерска саботажа, диверзија и финансирање на терористички напади, и многу други. Исто така, не ретко се случува загрозување на економските производи за време на транспорт.

Треба дополнително да се нагласи дека економските субјекти, исто така може да бидат загрозени од природни непогоди и катастрофи (земјотреси, поплави, лизгање на земјиштето, итн) и техничко-технолошки несреќи (пожари, експлозии, несреќи), кога последиците се одразуваат врз безбедноста на луѓето и енергетската, економската, еколошката безбедност на национално, па дури и на меѓународно ниво.

Последиците од загрозување на економската безбедност се различни по форма и интензитет. Од аспект на националната безбедност, може да се класифицираат во согласност со значењето на нивните штетни ефекти.

- Примарните ефекти се однесуваат на материјална штета нанесена врз економските системи и подсистеми, технички дефект и загрозување на здравјето и безбедноста на работното место.
- Секундарните ефекти се однесуваат на сите последици произлезени од последици од примарните ефекти, тие пред сѐ се рефлектираат како нарушување на животната средина, загрозување на животот на луѓето и здравјето во поголем обем и на поголема територија, загрозување на

[25] Современите војни се исто така „енергетски мотивирани“ и се насочени кон окупирање на енергетски извори на нафта и природен гас. A. Vondra, W. M. Martin, Introduction to Energy & Security, Energy & Security: Global Challenges – Regional Perspectives, Program of Atlantic Security Studies, Prague Security Studies Institute, Prague, 2005, Galoa P. M., Krv petrola – Bosna, Naš dom, Beograd, 1996

квалитетот на животот, дисфункција на одредени сектори на економијата и системот на државата, потенцијално загрозување на меѓународната безбедност на земјата итн.

- Терциарните ефекти најчесто се од материјално-финансиски карактер, односно се однесуваат на трошоците за отстранување на последиците од примарните и секундарните ефекти.

Специфични форми на загрозување на економската безбедност се манифестираат како несоодветни, погрешни или дури и злонамерни економски политики на меѓународно и домашно ниво. Такви се: злоупотреби во меѓународната трговија, економска условеност, уцена и притисоци, економски санкции, нео-колонијалистички стратегии на големите сили на меѓународно ниво, односно недостаток или ограничен пристап за граѓаните и правните лица до економски суровини и производи, како и нивни превисоки цени на национално ниво.

Во исто време, контролата на економскиот сектор отвора можности за тероризирање на населението, односно манипулација не само на граѓаните, туку и на цели држави и меѓународните заедници.

## 5. ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ВО ЕВРОПА

Секоја држава има своја специфичност во поглед на можноста за појава на криминал каде што криминалните групи ги остваруваат своите профити. Во земјите како што се Канада, Германија, Норвешка итн. на првото место е нелегалната трговија со алкохол и цигари и со други акциони стоки, додека во Шведска на првото место се „економските измами", во Грција и Хонг Конг на прво место се криминалните дејствија од областа на лихварството, во земјите блиски до нас во пораст се дејствата како недозволената трговија со оружје, финансиски измами, корупцијата во сите сфери на општеството, а зачестува и криминалот во земјите каде што има поголеми инвестиции од аспект на обезбедувањето на транспарентност во работата и еднаквите услови на конкурентност при тие зделки.

Употребата на терминот „зло" или неговата множина „зла" е посоодветен отколку конвенционалните „закани", бидејќи злото обрнува внимание на реалните,

конкретни последици за жртвите, индивидуално и колективно, додека заканата е збор кој означува надворешни сили кои имаат потенцијал да наштетат, тој е помалку корисен во размислувањето за фаталните последици како што многупати е случај.

Според Советот на Европа, економскиот криминал претставува предмет на изучување на сè поголем број на студии и неговата застапеност постојано се следи со истражувања и многубројни извештаи. Ова се должи на зголемувањето на економската глобализација, просперитет, отвореноста кон пазарите на поранешните комунистички земји, подобрувањето на бизнис менаџментот, управување со ризикот и мониторинг системите и подобрата соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор како и транснационалната соработка. Таа соработка значи дека повеќе случаи на економски криминал се признаени како такви и соодветно се анализираат. На оваа основа се добиваат потребните податоци и информации.

Една голема непозната е дали истите тие глобални и регионални сили постојано се зголемуваат или се намалуваат во основните фреквенции на економскиот криминал во однос на сериозноста на неговото влијание врз општеството, претпријатијата, владите и граѓаните. Заради специфичноста на регионално и национално ниво, па дури и појавата на контрадикторни трендови, генерализациите се опасни. Од една страна, во делови од Западна Европа, неодамнешната експлозија на интерес за економскиот криминал и приоритет кој се дава за негова превенција, откривање и казнување на сторителите, можеби ја намалува т.н. темна фигура на ваквите злосторства. Во таа смисла, порастот на стапките на регистрирани случаи на нивото на економскиот криминал може да претставува социјален напредок (во моралот и подготвеноста да се делува), наместо социјална дигресија. Од друга страна, пак, трансформацијата на поранешните комунистички европски држави од 1980 година ги зголеми можностите за економски криминал во Европа. Овие глобални, регионални и национални трендови имаат влијание на:

- стапките на економски криминал против европските жртви - корпорации, влади и поединци и
- можностите за сторителите, без разлика дали се европски или не.

Оваа дистинкција е важна бидејќи за разлика од другите видови на криминал, кај економскиот криминал жртвите можат да бидат географски оддалечени од сторителите, дури и кога не се работи за сајбер криминал.

Во поранешните комунистички европски држави, „локалните“ можности за криминал се поврзани со приватизацијата, извозот на суровини, и новиот финансиски и банкарски сектор придружуван од одливот на капитал, даночно затајување, стечајни измами, корупција и перење на пари. Меѓутоа, намалувањето на контролата на физичкото движење и на електронски пристап отвори можности за измами од страна на граѓаните и дијаспората во странство (на пример нарачување на електронска опрема како што се компјутери од Запад, користејќи фалсификувани кредитни картички и др.). Во Западна Европа и на други поразвиени региони, во поглед на перење на приходите од кривични дела, помалку скандали се поврзани со приватизација, бидејќи во овој регион таа фаза на развој е веќе помината.

Во извештајот на PWC за корпоративниот економскиот криминал во Швајцарија од 2005 е наведено следното:

„... Додека постои зголемување на бројот на извршени измами, заклучуваме дека пријавеното зголемување најверојатно се должи на други променливи, како:

- поголема свест и разбирање на менаџментот за ефектите кои ги имаат измамите на работното место и соодветна поголема отвореност во однос на пријавување на истите,
- зголемување на прописите во одредени индустрии и зголемување на регулаторната контрола и надзор, заедно со
- општиот фокус и зајакнување на системите на внатрешна контрола, што доведува до зголемување на стапките на откривање.[26]

Така, една веројатна хипотезата за трендовите во економскиот криминал во рамките на корпоративниот сектор во Европа може да биде – зголемување на свеста за таквите кривични дела го подобрува системот за откривање на криминалот и измамите. На

---

[26] PriceWaterhouseCoopers (2005): Economic Crime Survey 2005 Switzerland, PriceWaterhouseCoopers, November, 12

меѓународно ниво, опсегот на економски криминал е проширен многу повеќе од моменталните случувања.

На глобално ниво, овој извештај покажува дека, додека компаниите во 2005 година пријавиле повеќе измами од 2003 година, сепак тие веруваат дека распространетоста на измамите (вклучувајќи неоткриени и непријавени случаи) била пониска во 2005 отколку во 2003.[27]

Одговорот на прашањето зошто, можеби лежи во зголемување на важноста во меѓународен контекст со цел:

- да се заштити корпоративната репутација и,
- да се заштити големиот број на потенцијално ранливи финансиски текови кои се карактеристика на модерните фирми, особено во меѓународниот финансискиот сектор кој пак е во подем.

Имено, сериозните проблеми поврзани со корпоративен економскиот криминал во Западна Европа често вклучуваат луѓе со висок статус предизвикувајќи широко распространета штета. Фреквенцијата на економскиот криминал се гледа во неговата содржина, а не во зголемувањето (профитот од измамите готовински се подига пред да стане забележително голем како во минатото). Иако не постои цврст доказ за ова тврдење, поради поголемото прифаќање на идеалите на корпоративно управување и управувањето со ризик, поголем дел од измамите се пријавени само во истражувачките анкети. Сепак, ситуацијата се разликува во поодделните држави.

По повеќето финансиски измами тешки по неколку милијарди евра и измамничките шеми кои иако базирани во САД имаа влијание врз европските инвеститори и потрошувачите, Parmalat скандалот на крајот од 2003 година покажа дека неуспехот во соодветен надзор и контрола и економскиот криминал од огромни размери е возможен и во Западна Европа. Тие, исто така, ја покажа важноста на избегнување на менталниот склоп да се гледа само на организираниот криминал од подземјето како извор на сериозна економска криминална закана. Всушност, многу сериозни случаи на економски криминал произлегуваат во рамките на легитимните сфери на индустријата, трговијата и политиката.

[27] PriceWaterhouseCoopers, (2005), Economic Crime Survey 2005 [global report], PriceWaterhouseCoopers, November, 36

# 6. ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Ако Југоисточна Европа не одговара на профилот на област со висок степен на криминал, и според статистичарите нема особено сериозен проблем со криминалот, тогаш зошто оваа тема е толку видливо присутна во дискусиите во минатото и денес?

Тоа што го обележува криминалот во Југоисточна Европа не е конвенционален криминал (како што е дефиниран во кривичното право, злосторства поврзани со убиство, силување, разбојништво, кражба, провала, итн.), туку е организираниот криминал, а особено улогата на групи од Југоисточна Европа во криминалот во Западна Европа. Овој проблем треба да се набљудува и од аспект на влијанието што го има организираниот криминал во самиот регион, иако двете прашања се тесно поврзани.

Организираниот криминал тешко се дефинира. Терминот се користи за да се направи разлика на посистематски и софистицирани форми на недозволено дејствување за разлика од конвенционалните форми на криминал. Тој опфаќа широк спектар на криминални активности мотивирани од заработка, но сепак, во некои случаи, и организираниот криминал, исто така, има локален фокус, т.е. профитирање од измами од различен вид.[28]

Постојат повеќе причини зошто овие региони се поранливите на организираниот криминал во споредба со конвенционалниот криминал. Имено, нееднаквоста во приходите не е голема заради социјалистичкото минато. Но, поради високото ниво на меѓународната мобилност и големата дијаспора кои го карактеризираат регионот, наведува на размислување освен нееднаквоста на локално ниво, да се земе предвид нееднаквоста и од меѓународна перспектива.

[28] На пример, организираниот криминал, како таков не се дефинира во Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал. Конвенцијата ја дефинира „организираната криминална група“ како „структурирана група од три или повеќе лица која постои одреден временски и дејствува со цел да изврши едно или повеќе тешки кривични дела или прекршоци, со цел да се здобие, директно или индиректно, со финансиска или друга материјална корист. “

## 6.1. ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

### 6.1.1. Транснационална нееднаквост

Добар дел од популацијата на Југоисточна Европа живее надвор од регионот, барем сезонски, па показателот на релативната сиромаштија може да се заснова на овој факт. Постојат многу добро ситуирани жители на Југоисточна Европа расфрлани низ целиот свет кои избегаа за време на двете светски војни и комунизмот. Од крајот на Студената војна, Југоисточна Европа испрати неколку дополнителни одливи на емигранти на Запад каде што има голема побарувачка за неквалификувани и полуквалификувани работници. Некои отидоа со помош на официјални работнички програми, а некои нелегално. Оваа имиграција беше значително зголемена поради конфликтниот период што го зафати регионот, па по завршувањето на војната, голем број од имигрантите се вратија во нивните матични земји. Овој тренд денес зазема друг облик, т.е. многу работници се вклучаваат во програми за сезонска миграција. Како резултат на минатите одливи на работна сила, но и момнталните случувања на економски план, постои голема дијаспора од Југоисточна Европа во Западна Европа и пошироко, па голем дел од населението кое заработува на Запад (особено Грција, Шпанија и Италија) ја носи заработувачката назад во своите земји.

Последователно на овие миграции, има многу луѓе во Југоисточна Европа кои знаат како живеат другите и дека постои шокантна разлика во приходите. Хрватска, најбогатата земја во Југоисточна Европа има приходот по жител чиешто ниво не е многу подобро од Јужна Африка, а во Албанија, тој е дури двоструко помал. Барем според официјалната статистика, приходот по жител во Молдавија е помал од оној во Хаити. Дури и во Централна и Источна Европа, нееднаквостите се огромни. Албанскиот БДП по глава на жител во однос на куповната моќ е помал од една шестина од оној на Австрија. Овие регионални разлики не се нови, туку се евидентно историски. Во периодот 1996-1999, 22% од бугарското и 23% од романското население живеело со помалку од 4$ дневно. Следствено, индикаторите за приходот во овој регион можат да дадат лажна слика

заради големиот број на нерегистрирани дознаки и голема неформална економија. Сепак, постојат големи разлики во распределбата на богатството, а населението во регионот е добро свесно за тоа.

Како што е наведено погоре, нееднаквоста може да го храни криминалот, а заради тоа што локалните нивоа на приходи биле многу слични (наследство од комунизмот), ова служи како заштитен фактор против конвенционалниот криминал. Бидејќи сите искусуваат слични економски предизвици на локално ниво, постојат неколку очигледни причини за присуство на криминал кои наведуваат на тврдењето дека острите интернационални разлики промовираат интернационален криминал кој пак има потреба од одреден степен на организација. Присуството на дијаспората во побогатите земји го олеснува овој процес.

### 6.1.2. Географска ранливост

Исто така, клучот е и во географската поставеност на Балканот. Низ историјата, позицијата на Југоисточна Европа помеѓу пазарите и моќта на Истокот и Западот била истовремено и благослов и проклетство. Од средниот век, Југоисточна Европа претставува еден вид на зона на конкурентни интереси што ѝ дава голема стратегиска важност и генерирана поттик за развој. Дури и во времиња на војна, постојано се одвивала трговија, а еден од главните извори на приход во регионот отсекогаш биле неговите граници. Но, исто така и место кое за големите сили претставувало и штит и мост.

Во поново време, регионот стана транзитна зона за широк спектар на недозволена трговија, од протокот на фалсификувана стока до трговијата со бело робје. Што е најважно, Југоисточна Европа се пласира меѓу главната светска понуда на хероин како најдоходовна пазарна дестинација. Поради извори на понудата и побарувачката надвор од регионот, истиот трпеше од ефектите од тоа што претставува транзитна зона за шверцот.

Оваа географска ранливост е важна, но специфичниот карактер на организираниот криминал на Балканот е во голема мера под влијание на драматичните политички настани кои го потресуваат регионот во последните неколку децении. Последователните шокови на комунизмот, конфликтите и транзицијата кон демократија

создадоа големи можности за организираните криминални групи, како во рамките на регионот, така и во дијаспората.

### 6.1.3. Потеклото на организираниот економски криминал

Во некои важни зони на транзит на дрога како Централна Америка и Карибите, трговијата се рефлектира во високи нивоа на насилство, но тоа не е случај на Балканот каде што вредноста на проток на хероин ја надминува онаа на некои од националните економии во регионот. Од овде потекнува прашањето, што е тоа што во Југоисточна Европа овозможува да се обезбеди ваков шверц без насилство. Некои истражувачи тврдат дека причината лежи во тоа што организираните криминални групи во регионот ги користат предностите од историските шокови од транзицијата и конфликтите за да се создадат линкови до членови на трговската и политичката елита. Овие врски овозможуваат одредени балкански организирани криминални групи традиционално да се соочуваат со малку или никаков отпор од државата или ривалските групи.

Појавата на добро поврзани криминалци не е уникатна на Балканот. Сличен е случајот со многу земји кои се опоравуваат од периоди на тоталитарна власт или локални војни. Она што е невообичаено за Југоисточна Европа е тоа што неодамна доживеа и транзиција кон демократија, но во исто време помина и преку особено насилен конфликтен период во регионот. Симултаните влијанија на овие тектонски поместувања во социо-политичкиот пејзаж кои се независно поврзани со зголемувањето на криминалот го обликуваа организираниот криминал на Балканот со својот специфичен карактер за истиот да стане онаков каков што е денес.

Прво, на преминот од комунизам или други форми на тоталитарна власт кон демократија се покажа како фактор за зголемување на ранливоста на регионот и поттик за растот на организираниот криминал. Раните анализи на овој феномен сугерираа на најмалку пет причини за појавата на истиот:

- Проблеми поврзани со намален капацитет на спроведување на законот во процесот на реформа,
- Криминални можности поврзани со промените во регулативата на економските активности,

- Индиректно влошување на економските околности,
- Некомплетно спроведување на некои економски реформи,
- Психолошкото влијание на брзите социјални промени.[29]

Типично, некои членови на поранешната елита ги искористија предностите на периодот на политичка неизвесност за претворање на нивната политичка моќ во економска моќ. Процесот на приватизација на државниот имот често е клучна точка за примена на овој начин на стекнување на богатство и моќ. Губењето на контрола врз тоталитарната безбедност е компензирано со создавање на врски со подземјето кои пак брзо го апсорбираа вишокот на припадници на безбедносните сили. Рутите за шверц на стока за широка потрошувачка под стариот режим се употребуваат за други форми на шверц на нови стоки.

Конфликтните и пост-конфликтните ситуации, исто така, претставуваат период на акутна ранливост и ширење на криминалот. Во воена зона, социјалната контрола често целосно се губи и криминалните дела можат да бидат извршени неказниво, а со тоа да профитираат локални „предатори". Регулаторната законска економија може да колабира со што вооружените моќници стануваат единствен извор на храна за некои заедници, повторно зголемувајќи го нивното богатство и моќ. Бунтовничките групи мораат да шверцуваат материјали, а истото мора да го применува и самата држава доколку се наметнати санкции со цел да прибират финансиски средства. Ако овие активности се докажат како доволно профитабилни, најчесто продолжуваат да се применуваат и во пост-конфликтниот период.[30]

Се чини дека појавата на двата транзициски и пост-конфликтни динамични процеси генерира и синергетски и антагонистични ефекти. На пример, оние кои профитираа во војна беа во можност да го користат собраниот политички капитал за да го зголемат своето богатство во процесот на приватизација. Од друга страна, забележано е дека постои ниско ниво на конвенционален криминал токму во оние транзициски земји кои имале најнасилен конфликтен период. Иако по природа се слични, специфичните

[29] Lotspeich, R. R. Crime in transition economies. Europe-Asia Studies. Vol 47 No 4, 1995, 564
[30] Rausch, C. (ed) Combating serious crimes in postconflict societies: A handbook for policymakers and practitioners. Washington, D.C.: United States Institute of Peace Press, 2006, 5-6

начини на транзиција и конфликти манифестирани во криминал на Балканот како и неговиот развој значително варираа од земја до земја.[31]

По Втората светска војна, секоја земја во регионот падна под контрола на моќните комунистичките режими, но од различен карактер во Албанија, Југославија, Бугарија, Романија и Молдавија. Додека Титовата Југословија беше релативно богата и либерална, режимите во Романија и Албанија беа меѓу построгите во комунистичкиот свет.

Комунизмот промовираше две групи чии интереси подоцна ќе се спојат во црн пазар и безбедносни служби. Многу комунистички земји се потпираа на просперитетот на овој пазар за снабдување на потребите на потрошувачите неисполнети од страна на официјалната економија. Криумчарењето на сите видови на стоки беше од суштинско значење, како што беше и корупцијата меѓу пограничните власти. Во прилог на создавање на канали преку кои се одвиваа други форми на шверц, оваа моќна сива економија овласти криминална класа од која зависат обичните луѓе. Таа, исто така создаде цинизам во врска со владеењето на правото и толеранцијата на „сивите претприемачи".

Покрај тоа, клучен дел од апсолутистички комунистичката управа беа внатрешната безбедност и сродните разузнавачки агенции. Поради важноста доделена на нивната работа и моќ, државната безбедност во суштина беше имуна на било каков надзор во голема мера дејствувајќи над законот. Како и со слични структури во други делови на светот, оваа автономија остави значителен простор за корупција. Беа собрани дополнителни средства преку извршување на тајни активности, во некои случаи вклучително и шверцот. Некои од овие средства се користеле за оперативни цели, а некои за лично збогатување, особено кога растот на комунистичкото богатство станал евидентен.

[31] Lotspeich 1995, 558

### 6.1.4. Профитирање од приватизацијата

Кога комунизмот падна, во доцните осумдесетти, членовите на тајната полиција и нивните криминални сојузници беа добро позиционирани да профитираат од новиот капитализам. Ова беше постигнато преку т.н. „номенклатура приватизација", во која, државните претпријатија, финансии и концесии по неконкурентни цени им беа доделени на функционери на партијата.[32] На тој начин, во Југоисточна Европа се создаде локална појава на монополи и сомнителни мултинационални конгломерати. Да се заштити нивната предност, тие ја задржаа врската со политичката моќ. И кога во Југославија се појавија конфликти, овие елементи беа добро позиционирани за да се искористат меѓународните санкции како можност за профитирање. Сепак, начинот на кој се манифестираше овој тренд се разликува во секоја од државите.

Бугарија претставува еден специфичен пример. По падот на Берлинскиот ѕид, многу државни безбедносни агенти во Бугарија добија позиции на раководство во индустријата и успеаја да доминираат во приватизацијата користејќи ги своите врски, асиметрични информации и принудна моќ.

Во Југославија под Милошевиќ, имаше значително спојување на политичките, трговските и криминалните активности. Како што забележа еден коментатор во 1997 година:

„.......На врвот седат функционери кои се недвосмислено лојални на Милошевиќ... Тие дистрибуираат монополи за увозот на гас, цигари и други профитабилни стоки меѓу различни бизнисмени земајќи свој дел. Полицајците и царинските службеници, чија работа е да ги затворат своите очи кога е потребно, исто така добија парче од акцијата ... Бидејќи овие бизниси беа крајно нерегулирани со закон и без правила за решавање на конфликти, важеше правилото: ако не може да се преговара за компромис „се вадат пиштолите"... Во текот на ерата на Тито, многу криминалци ја напуштија Југославија заради тоа што беше премногу ограничено тло и се преселија во странство во седумдесеттите и осумдесеттите. Во поскоро време, тие доаѓаат дома за да „вршат одредени услуги" за тајната полиција... Припадници на мафијата „легално"

[32] Jackson, M. The rise and decay of the socialist economy in Bulgaria, Journal of Economic Perspectives. Vol 5, No 4, 1991, 207

основаа приватни бизниси... Благодарение на услугите што ги обезбедувале за време на војната и во други периоди, некои од овие криминалци успеаја да направат свој пат во круговите на привилегирани увозници на високо профитабилни стоки, рака под рака со бројни државни функционери и со многу поранешни и сегашни функционери на службата за државна безбедност..."[33]

Во Албанија, оние кои се вклучени во транснационалниот организиран криминал беа меѓу ретките кои ги обезбедуваа државните средства во приватизацијата. Пишувајќи во 1996 година, еден аналитичар истакна:

„...Либерализацијата со себе донесе корупција и профитирање од страна на немилосрдни луѓе... Тоа продолжи да се случува, па сега имаат средства лесно да патуваат во и надвор од Албанија. Воспоставувајќи се себеси како легитимни бизнисмени, тие лесно добиваа визи за патување од страна на албанските власти и можност за остварување на своите цели..." [34]

## 6.2.КРИМИНАЛОТ И КОНФЛИКТОТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Криминалот низ целиот регион почна вистински да цвета со југословенските војни и распадот на Југославија. Освен војувањето спроведено од страна на традиционалните војски, многу од истакнатите карактеристики на југословенскиот конфликт се припишува на учеството на криминални групи од сите страни. Додека се одвиваше војна, овие криминални „борци" заштитени и експлоатирани од нивните соучесници, наизменично тргуваа со огнено оружје и стока за широка потрошувачка со спротивната страна. Меѓународни санкции овозможуваа шанси за криминалните групи низ целиот регион, како извор на побарувачката за трговија со луѓе, дури до степен на злоупотреба на распоредувањето на мировните сили.

Како што Југославија почна да се распаѓа, многу оперативци на тајните служби се вратија дома од Западна Европа со цел да учествуваат во конфликтот, обично во

[33] Komlenovic, U. State and mafia in Yugoslavia, East European Constitutional Review, Vol 6, No. 4, 1997

[34] Xhudo,G. Men of purpose: The growth of Albanian criminal activity. Transnational Organised Crime, Vol 2, No 1, 1996, 3

„паравоени" групи организирани од страна на нивните претпоставени. Овие вонредни групации не беа дел од официјалните вооружени сили на земјите, но сепак облекоа импровизирани униформи и им беше дозволено да работат рамо до рамо со редовната војска. Тие буквално беа составени од обични криминалци, дури и затвореници ослободени специјално за оваа намена.

Јадрото на некои од паравоените групи беше во напорите на разузнавачката служба да се промовира бунт во етнички групи на одредена територија. Но, по кратко време, овие групи еволуираа во нешто сосема друго. Со почетокот на конфликтот, националните војски имаа ограничени активности. Прво, многу од засегнатите држави (како Босна и Херцеговина) имаа мал воен капацитет. Дури и на врвот, само мал дел од воените сили беа вооружени и подготвени за распоредување. Командантите имаа мало или никакво теренско искуство, па беше неминовно регрутирање од редовите на бледите елементи на заедницата и дијаспората. Второ, најголемата воена сила, југословенската армија, беше етнички мешана и со мал ентузијаст во врска со војната, често без одзив на регрутација или дезертирање. Како резултат на тоа, сите страни во конфликтот започнаа да се служат со паравоени или доброволни единици кои се покажаа поефикасни од традиционалните во однос на остварувањето на клучните цели – етничко „чистење" на жителите на спорните територии. Сите овие групи очигледно работеа под превезот на редовната војска, па настана голема мобилност на службеници помеѓу редовните и вонредните сили. Во некои области, исто така често беше вклучена и локалната полиција, така што беше многу тешко да се распознаат синџирите на команда, дури и за инсајдерите.[35]

Освен грабежите, паравоените групи си најдоа и многу други начини за правење на пари од конфликтот. Меѓународната помош често беше украдена, изнудена или препродадена на очајни заедници кои бараа начин да преживеат. Постојат претпоставки и дека некои меѓународни мировници биле соучесници во ваквите активности. Најпознат пример за ова беше опсадата на Сараево каде стоката беше шверцувана преку тунел кој работеше под контрола на ОН и се продаваше по изнудувачки цени. Овој канал ја пролонгира опсадата и го максимизира профитот на шверцерите.

[35] Bassiouni, C., Final report of the United Nations Commission of Experts: Annex III – The military structure, strategy and tactics of the warring factions. S/1994/674/Add.2 (Vol. I) 28

Покрај тоа, природните ресурси беа присвоени, вклучително и дрвото и маслото, а меѓу трговијата со стоки е вклучено и оружјето.

Меѓународните санкции против Југославија (составена од Србија и Црна Гора) го доведоа профитот од војната на ново ниво и тоа на регионално ниво со воспоставување на врски и канали помеѓу соседните држави. Ова партнерство меѓу политичките, трговските и криминалните елити се зајакнуваше и во идниот период.[36]

По војните помеѓу Србите, Хрватите и Босанците, следеше конфликтот во Косово. Како еден од најсиромашните делови на регионот, Косоварите беа недоволно вооружени и ги немаа потребните средства. Се верува дека извор на многу од овие средства биле трговијата со хероин и други форми на организиран криминал. Врските помеѓу трговијата со дрога и набавката на оружје подоцна беа обелоденети и осудувани.

Додека косовскиот и албанскиот шверц на дрога беше веќе воспоставен во голем број на западноевропските земји, хаосот во нивните матични земји им даде солидна предност во однос на конкуренцијата во текот на овој период. Шверцот на имигранти преку Косово и Албанија, исто така се зголеми во текот на овој период. Дури и кога владата почна да ја рестартира контролата во Албанија, сепак недостигаше способност или волја да се спречи она што стана спас за многу од луѓето во отсуство на алтернативи заради економијата што пропаѓа.

## 6.3.ПОСТ КОНФЛИКТЕН ПЕРИОД

За време на конфликтите, шверцот беше неопходен за опстанок. Шверцерите беа во можност истовремено да се збогатат и да ѝ служат на заедницата брзо стекнувајќи и економски и политички капитал. Тие играа различни улоги во пост-конфликтнот период, некои активно извршуваа „законска" политика или бизнис, некои се наоѓаа на границата, а некои беа активни и во двата света. Случајот во БИХ точно ја отсликува ситуацијата:

„...Во Босна, криминалниот капитал акумулиран во текот на криминалната војна е претворен во политички капитал по војната ... Некои од оние кои најмногу профитираа

[36] Trivunovic, M., V. Devine, and H. Mathisen, Corruption in Serbia 2007: Overview of problems and status of reforms. Bergen, CHR. Michelsen Institute, June 2007, 10

од војната успешно го „исчистија“ нивното богатство и сега се претставуваат како легитимна економска елита.[37]

Иако не искусија толку крвава војна, и другите држави од регионот не заостануваа во однос на прашањето на криминалот. Воспоставувањето на нови држави отвори нови врати за криминалците да ги зајакнат своите позиции и да најдат нови начини на збогатување. Со затворањето на државните производствени капацитети, невработеноста зазема огромни размери. Дури и оние кои на некој начин преживеаја, нивните мали економии генерираа мали даночни бази, па државите беа релативно сиромашни и немоќни да се борат со богатите криминални групи. Некои мали региони беа комплетно отцепени од државната власт и контролата падна во рацете на локалните моќници.

Често спојката на политичката и бизнис елитата беше неизбежна, што е неверојатна можност за монопол, како во власта, така и во бизнисот. Законите беа донесени и имплементирани во согласност на нечии желби и интереси со комплетна неможност за спротивставување. Многу пати границата на логичноста беше премината до степен на злоупотреба на помошта од меѓународните организации за лични цели и збогатување на директен или индиректен начин, јавно или прикриено.

37 Andreas P., Criminalised legacies of war: The clandestine political economy of the Western Balkans, (guest editor's introduction) Problems of Post-Communism. Vol 51 No 3, 2004, 5

# 7. АКТУЕЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ОРГАНИЗИРАНИОТ ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Да се измери организираниот криминал е уште потешко отколку да се измери конвенционалниот криминал. Голем дел од организираниот криминал вклучува криминални форми каде што не постои јасна жртва или каде жртвите се еден чекор напред, па откривањето на организираниот криминал е речиси целосно зависно од напорите на локалните власти. Земји со најголеми проблеми може да имаат најниски стапки на откривање, дотолку повеќе што бројот на откривања повеќе е показател на добра полициска работа отколку што е показател на нивото на криминал во едно општество. Затоа е тешко да се докаже постоењето на проблемот на организираниот криминал во едно општество, а уште покомплицирано е да се следат трендовите.

Истрагите за спроведување на законот, гонењата и пресудите обезбедуваат еден вид на база за отсликување на организираниот криминал. Во однос на балканскиот организиран криминал, постојат две групи на индикатори кои може да се земат предвид:

- Истраги, апсења, пресуди и запленување во регионот,
- Истраги, апсења, пресуди и запленување вклучувајќи ги криминалците од Југоисточна Европа, но направени во Западна Европа.

Во рамките на регионот, освен спроведување на законот за корупцијата се прават значајни напори за борба против организираниот криминал. Владите на земјите од Југоисточна Европа спроведуваат голем број на истраги на организираниот криминал кој постојано се зголемува, а квалитетот се подобрува. Сите земји од регионот ја имаат ратификувано Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал.

Статистиката за степенот на различните видови на организиран криминал е исто така дискутабилна. Повеќето податоци кои се однесуваат на цифри се само ограничена бројка на криминалци во Југоисточна Европа уапсени за специфични форми на организиран криминал. Од друга страна пак, каналите сугерираат дека организираните криминални групи се вклучени во повеќе од еден вид на криминал.

И покрај мулти-криминалните организации, сè уште има смисла во организираниот криминал да се примени пристап со категории. Ако се потрудиме да ги

категоризираме криминалните форми во две пошироки групи на разгледување ќе дојдеме до следната поделба: различни форми на трговија (дрога, луѓе, илегалната миграција и огнено оружје) и различни форми на економски криминал (затајување на данок, фалсификување, корупција, измама и перење пари).

## 7.1.ЗАТАЈУВАЊЕ НА ДАНОК И ФАЛСИФИКУВАЊЕ

Како што претходно беше наведено, некои од главните потпори на организираниот криминал во Југоисточна Европа - трговија со дрога, бело робје, мигранти и оружје - се пазари во опаѓање. Но, како што тврди Советот на Европа и Европската комисија: „Во Југоисточна Европа, даночните и царинските измами, одливот на капитал и измамите поврзани со приватизацијата се од поголемо значење отколку традиционалниот организиран криминал".[38] Голем дел од овој вид на криминал ги повредува само земјите од регионот со релативно мало влијание врз Западна Европа.

Област која се наоѓа помеѓу шверцот и економскиот криминал е шверц со легални стоки со избегнување на царински и други давачки. Следење на трендовите во шверцот на легални стоки е предизвик бидејќи речиси секоја стока може да се шверцува и да се искористат предностите на диференцијалните стапки на оданочување. Веќе долго време, шверцот со алкохол и цигари, како и шверцот на нафта претставува голем проблем во регионот и предизвик на властите. Нелегалното внесување на друга стока (особено од Кина) е главен проблем за производителите на регионот бидејќи тие не можат да бидат конкурентни со овие производи. На пример, во периодот меѓу 1998 и 2003 година, шверцот со кинеската стока беше примарен извор на финансирање на сивата економија во Бугарија. Пазарите на големо се изведени од страна на криминални групи и се окарактеризирани како главни големопродажни дистрибутивни канали за шверцувана стока. Оваа недозволена трговија вклучува голем број на кинески трговци со фамилијарни врски во Кина.

[38] Council of Europe and European Commission 2006, 14

Друга форма на организирано даночно затајување е лажното фактурирање кое се прави со цел да се избегнат даноците и царинските давачки за увоз и извоз, повраток на ДДВ, како и за перење на пари.

Се верува дека Хрватска е извор на повеќе од 700 милиони долари во незаконски извоз годишно, главно за Италија, Германија и Австрија. Во ова поле не заостануваат и другите земји од регионот вклучително и Македонија. Во 2008 година, извозот од Хрватска, Албанија и Македонија, како и увозот од Хрватска и Македонија бележи големо несовпаѓање кое е двојно од светскиот просек. Главните нелегално увезени или извезени производи се: текстил и обувки, бензин, автомобили и камиони, бродови, шеќер, лекови и електроника.[39]

Освен даночното затајување, некои стоки кои се наводно законски може да бидат резултат на недозволено производство или фалсификување. Според меѓународната стопанска комора, трговијата со фалсификувани производи претставува 5% до 7% од светската трговија. Бројот на запленети производи од страна на царината на ЕУ од година во година бележи огромен раст, а околу 1 трилион Евра недостасуваат во буџетите на земјите на ЕУ. Повеќето (околу 80%) од фалсификувани производи во ЕУ доаѓаат од Кина, но не се за потценување ни статистичките податоци од земјите во Југоисточна Европа. Фалсификаторите користат индиректни увозни канали со цел да ги измамат царинските управи. Потеклото на производот е скриено преку пренесувањето на истиот преку неколку земји пред да биде испратен до неговата крајна дестинација. Тие канали постојано се менуваат и заради успешното пренесување на фалсификуваните производи, често се „добра замена" на оригиналните. Во споредба со другите форми на недозволена трговија (на пример трговија со бело робје) добивките се огромни, а ризикот е значително помал.

Сепак, најглавната фалсификувана стока се парите. Во фалсификувањето на евро банкнотите од лансирањето на валутата во 2002 година има брз раст. Имено, во 2003 година, 551.287 фалсификувани банкноти на евра беа отстранети од прометот; во 2004 година, француската полиција заплени лажни банкноти од 10 € и 20 € со вкупна номинална вредност од околу 1.800.000 € од две лаборатории и процени дека 145.000

[39] Holzner and Gligorov, 2004

банкноти веќе циркулираат на пазарот. Секоја година помеѓу 2003 и 2007 беа запленети од 500.000 до 600.000 фалсификувани банкноти којашто бројка не смееше да се занемари иако претставува релативно мал дел од 12 милијарди банкноти. Во јули 2008 година, Европската централна банка изјави дека износот на лажни банкноти на еврото е во пораст, со скок на запленети банкноти од повеќе од 15% во првите шест месеци на 2008 година. Со напредокот на технологијата начините на печатење на фалсификувани банкноти се сè пософистицирани за да се добие квалитетен резултат кој претставува многу повеќе од оној добиен со принтери. Овие децентрализирани операции се одвиваат во добро организирани дистрибутивни мрежи кои ги пласираат банкнотите за дел од нивната номинална вредност. Германија и Грција посветуваа посебно внимание на откривање на тие дистрибутивни мрежи а Грчката полиција тврди дека значителен дел од истите потекнува од организирани криминални групи во Бугарија.

Во поново време, има голем број на случаи на измами со кредитни картички и банкомати, а значителен случај е Бугарија. Во смисла на директно манипулирање со финансиски средства за добивање на нелегална добивка, се забележува и голем број на организирани криминални групи кои применуваат т.н. сајбер криминал. Информатичката технологија која е во подем и се применува во сите делови на работењето отвара нови можности за криминалците кои ги следат новите ИТ трендови. Примената на истите вклучува помал ризик и побрз профит во споредба со фалсификувањето на пари.

## 7.2.ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Економските кривични дела се извршени со цел добивање профит преку незаконска активност. Од убиства, шверц, дрога, трговија со оружје, до финансиска измама, овие кривични дела придонеле за збогатување на многу луѓе за сметка на другите. Како резултат на тоа, овие активности генерираат сериозни социјални нарушувања пренасочувајќи ги парите од економиите и легалните деловни активности со цел да се најде начин средствата да завршат во џебовите на криминалците и нивните соработници. За да уживаат во овој „профит", криминалците мора најпрво да ги „исчистат" парите преку воспоставување на законски извор на средства како во законските бизнис активности кој процес е познат како перење пари. Сепак, и покрај обидите на полицијата и

владите за да се намали нелегалното перење на пари, голем број на криминалците биле и се во можност да останат чекор понапред од властите, со што уживаат во нивните добивки и остануваат на слобода.

Трансформацијата на незаконските средства во законски подразбира нивно вклучување во легалниот финансиски систем, т.е. нелегално стекнатите пари преку финансиските институции прикажани како легални, влегуваат во легалниот финансиски систем и претставуваат легално стекнат имот на сторителите на криминалните активности кои успеале на незаконски стекнатите пари да им обезбедат легитимитет.

„Перење пари" претставува високо-организирана, професионална и интелектуална дејност која ги зафати сите држави во светот. Во неговото спроведување се вклучени врвни банкарски експерти и голем број финансиски и компјутерски експерти со огромно искуство во оваа софистицирана банкарско-финансиска сфера.[40]

Општо земено, перењето пари може да се однесува на било какви приноси генерирани од страна на криминални или нелегални активности. Целта на оваа активност е прикривање на незаконското потекло на приносите. Перењето пари е самостојна кривична економска активност чија суштинска економска функција лежи во трансформацијата на финансиските средства со незаконското потекло, или на потенцијална куповна моќ во вистинската куповна моќ употреблива за потрошувачка, заштеда, инвестиции или реинвестирање под претпоставка дека со нивната директна употреба ќе се зголеми веројатноста дека злосторствата ќе бидат откриени. „Испраните" евра или долари има поголема вредност за сторителот на кривичното дело од „валканите" пари заради тоа што можат да се вложуваат со пониски ризици од инкриминација. Така, криминалците мораат да одлучат за сите незаконско стекнати средства дали да ги „исперат" или не.

Криминалната активност овде се состои во намалување на веројатноста од откривање на криминалот и последователната казна зголемувајќи ја очекуваната вредност на заработката. Притоа, сторителот мора да одреди оптимално ниво на средства кои има намера да ги испере земајќи ги предвид максималните извори кои му се на располагање.

---

[40] Котовчевски Митко „Облици на криминално дејствување на транс-националниот организиран криминал", Зборник на трудови, Глобализација, мирот и безбедноста, Министерство за обрана и Филозофски факултет, Скопје, 2008

Со оглед на тоа дека спроведувањето на било каква незаконска активност може да биде предмет на посебна категорија на трансакциски трошоци, поврзано со фактот дека употребата на релативните приходи ја зголемува веројатноста за откривање на кривичното дело и инкриминација, тие трансакциски трошоци може да се минимизираат преку ефективно перење на пари коешто прикривање ги одделува финансиските текови од нивното вистинско потекло. Со други зборови, секогаш кога некој даден проток на куповна моќ што е потенцијал затоа што не може да се користи директно за потрошувачка или инвестиции бидејќи е резултат на нелегални активности, со перење на пари се трансформира во вистинска куповна моќ.

Борбата против перењето пари и финансирањето на тероризмот се помеѓу приоритетите не само на државите туку и на меѓународните организации токму заради проширувањето на овие феномени надвор од границите на државите и глобалното дејствување на овој тип на криминалци. Заканата од овој тип на криминал е скриена и специфична во смисла на индиректните ефекти и тешкотиите при неговото откривање. Иако перењето пари се случува во секој ќош на светот, особено погодени од овој тип на криминал се земјите со комплексни финансиски системи, недоволно развиен економски и правен систем, земји со високо присуство на корупција, сиромашни земји со природни ресурси, земји во долгогодишна транзиција итн.

Овој проблем е посериозен во земјите во развој во споредба со развиените земји заради нецелосноста на нивниот систем за набљудување, контрола и спречување на овој криминал, мерките за санкционирање и казнување и општо недоволно развиениот финансиски систем кој не соодветствува со новите форми на финансиски криминал и не би можел да се соочи со заканите од истиот.

Во земјите во транзиција како Република Македонија и повеќето земји од регионот, преку приватизацијата и корупцијата, неажурното спроведување на реформите во економскиот и правниот систем се створија можности и услови за криминални активности и перење на приходите од истите што ја влоши репутацијата на овие државите на меѓународната сцена. Тоа пак, последователно имаше штетни ефекти во инвестициската клима, спроведувањето на законска трговијата и соработката на трговско ниво со другите држави.

Особено е тешко да се процени степенот на перење на пари токму од истата причина што регионот е ранлив: економиите во голема мера се базираат на готовинска основа, а финансискиот сектор останува недоволно развиен. Во многу судски надлежности, перењето пари беше само неодамна или е нецелосно категоризирано како криминал, а механизмите за следење на усогласеноста сè уште се во процес на имплементација.

Перењето пари има сериозни последици врз националниот и меѓународниот финансиски систем, а особено врз економијата на земјите во развој, што може да предизвика дестабилизација и на политички план.

„...Балканот, веќе познат по својот корумпиран јавен сектор и близината на Блискиот Исток, најверојатно, ќе стане важен светски центар за перење пари и создавање на нова бизнис елита со директна криминална позадина. Трендот од таков карактер веќе се случува и наскоро ќе станат уште повеќе видлив.

Дивергенцијата на економскиот раст во Европската унија и порастот на невработеноста во најмалку половина од ЕУ членките неизбежно ќе обезбеди уште една златна можност за балканската мафија, исто како што се случи со воениот период во 90 години во кој цветаше нелегалната трговија, и слободното прекугранично движење во 21 век кое ја олесна трговија со луѓе и сите придружни операции и нивната спектакуларна глобалната експанзија...“[41]

[41] Ioannis Michaletos, Trends in Balkan Organized Crime Activities Nov. 27, 11 (http://economiccrimeintelligence.wordpress.com)

## 7.3. КОРУПЦИЈА

Во смисла на економски криминал, корупцијата е еден начин на решавање на конфликтот со државата. Затоа, корупцијата не е класичен вид на криминал, туку, изразена во мито, всушност е начин на активизам, операција на правото, при што се проширува нејзината сфера на влијание. Значи, корупција постои каде што владини претставници, политички и општествени организации се постојани членови на корпоративните криминални организации чијашто улога се остварува со посредство на еден комплексен систем на односи.

Во делото Национална безбедност од авторот Митко Котовчевски „мито и коруција се јавува во форма на взаемна соработка, изведување недозволени зделки под заштита на високи државници и заедничко учество во поделба на пленот. Благодарните криминалци во таа смисла се јавуваат како финансиери на одредени политички движења, а за возврат високо се рангирани во хиерархијата и имаат моќ да влијаат врз донесувањето на одлуки.“[42]

Корупцијата е дел од човечките општества од најстари времиња. Заедно со другите претставува форма на богатење на поединци на сметка на другите. Со почеток во втората половина на деведесеттите, зголемената појава на овие дела и признавањето на истите како такви доведе до барање од страна на многу меѓународни и невладини организации, политичките и бизнис лидерите да покажат високи стандарди на чесност, етика и општествена одговорност. Ова, за возврат доведе до заеднички борба против корупцијата, перењето пари и црните пазари низ целиот свет како и на признавање на значењето на владеење на законот и демократијата во земјите.

Корупцијата најчесто се дефинира како злоупотреба на јавната власт за лични добивки. За разлика од измамата, таа се однесува на одлуки направени од политичари и јавни службеници врз основа на овластувања доделени од страна на населението. Се работи за корупција кога овие одлуки се мотивирани од лични добивки наместо во интерес на јавноста, освен во случаи кога политичарите фаворизирааат ставови на дел од

[42] Котовчевски Митко, Национална безбедност (2013), Филозофски Факултет, Скопје

популацијата која ја претставуваат. Една од тешкотиите за препознавање на корупција потекнува од фактот што овие себични одлуки често можат да бидат маскирани како добра државна политика.

Корупцијата постои во две поопшти форми, иако постојат многу варијации во рамките на овие две категории и често двете се испреплетени една со друга. Административната (најчесто ситен криминал) се однесува на вршење на поткуп, мито или „пари за подмачкување" во која јавните службеници влечат исплата за спроведување на постоечка одлука. Кога службениците земаат мито за фаворизирање на одреден понудувач за јавна набавка, тие бараат од понудувачот дел од профитот кој произлегува од тој договор. Главната последица на ваквата корупција е прераспределба на приходот кој за возврат ќе имаат влијание врз алокација на ресурсите.

Политичката или голема корупција или т.н. „државна контрола" се случува кога политичките лидери вршат распределба на националните буџети или воведуваат закон за олеснување на проекти од кои самите или нивни блиски соработници имаат корист. Во речиси сите случаи на политичка корупција, јавноста не би ја направил истата одлука како политичка елита кога би била на нејзино место. Добивката на корумпираната елита доаѓаат или во форма на мито или од директните удели во проекти кои се исполнуваат како резултат на одлуките. Примери на корумпираните политичари и примање на мито постојат во речиси секоја земја. Исто така, има многу примери на диктатори кои успеале да се збогатуваат на сметка на осиромашување на населението, Хаити под Франсоа Дувалие (1907-1971), Филипини под Фердинанд Едралин Маркос (1917-1989), Заир под Мобуту Сесе Секо (1930-1997), Нигерија под Кваме Нкрума (1909-1972), Уганда под Иди Амин (1925-2003) се само некои од примерите. Политичката корупција води кон несоодветна распределба на економските ресурси на земјата и редистрибуција на приходот во рамките на таа земја.

Сите земји имаат закони против корупцијата. Селекција и задржување на јавните службеници на нивните позиции, барем во демократските општества, зависи од нивното чесно и искрено однесување и дејствување. Демократските институции кои овозможуваат фер и широко учество на јавноста во изборот на јавните службеници формираат бариера против ширењето на корупцијата. Претставници кои отстапуваат од своите должности се идентификуваат и казнуваат од страна на судскиот систем или барем

не се повторно именувани на тие позиции. Слободата на печатот придружени со независно и чесни судството претставуваат уште една бариера која ја спречува корупцијата. Институциите и различни организации кои претставуваат одредени групи во општеството исто така влијаат врз јавните службеници ако постои веројатност корупцијата да му нанесе штета на тоа општество. Сепак, кога се на власт, јавните службеници имаат средства да ја намалат ефективноста на овие контролни механизми. Диктаторите обично успеваат целосно да ги парализираат, па оттука, диктаторскиот режим често е покорумпиран од демократско воспоставените општества. За разлика од нив, демократските лидери и јавните службаници во тие држави се ограничени од страна на силите на институциите. Така, институции кои играат важна улога во контролирање на корупцијата вклучуваат слободен печат, независно судство и слободен и демократски политички систем кој му дава целосно право на глас на населението во политичкиот процес.

Корупцијата која е важна компонента на она што сега се нарекува владеење е крајно негативна кон економскиот раст и развој. Таа доведува до погрешна дистрибуција на ресурси, го „искривува" пазарот на труд, ги обесхрабрува инвестициите и ја менува распределбата на приходот. Митот дека корупцијата им помага на пазарите и ги „забрзува тркалата на трговијата" се покажа лажна. Иако е вистина дека поткупот може да забрза една трансакција, се создава мотивација за повисок и почест поткуп што долгорочно става белег врз економските процеси.

За најштетна последица на корупција може да се смета фактот што таа ги кочи инвестициите во економијата. Направените истражувања (на пример оние на Светската Банка) јасно укажуваат дека земјите со висока корупција имаат пониско ниво на инвестиции и економски раст. Корупцијата, која вообичаено егзистира во сиромашните средини го отежнува инвестирањето на претприемачите максимизирајќи ги зголемување на трошоците за отпочнување на бизнис потфат. По направеното вложување, корупција генерира несигурност за претприемачите бидејќи јавните службеници имаат можност да извлечат мито од претприемачите што дополнително ги зголемува ризиците и го намалува профитот.

Признавајќи дека корупцијата е сериозна пречка во борбата против сиромаштијата, многу меѓународни и невладини организации од втората половина на

деведесеттите години па до денес, максимално вложуваат напори во борбата за намалување на корупцијата во целиот свет. Оваа борба се фокусира на три области: граѓанските општества во кои јавноста има клучна улога, посветеност од политичкото раководство да се бори против корупцијата, како и проактивен приватен сектор кој ја прифаќа својата општествена одговорност да работи во средина без корупција. Земјите кои се членки на Организацијата за економска соработка и развој ја прифатиле одговорноста во оваа борба со усвојување на закони за борба против корупцијата со кои се забранува нивните фирми да плаќаат мито во нивните и другите земји. Сепак, овие закони, ретко целосно се почитуваат.

Тешко е да се процени влијанието на глобалните напори за борба против корупцијата. Националната и меѓународната борба против корупцијата е долгорочен и бавен процес, но претставува единствен начин да се намали и искоренат овој вид на криминални дејности.

Организираниот криминал го постигна сегашниот процент главно поради големата затапеност на корупцијата. Покрај тоа, корупцијата е профитабилен криминал сам по себе. Како организираниот криминал, корупцијата тешко се дефинира, но обично вклучува користење на јавна функција за приватни цели. Ова вклучува ситна корупција, како изнудување мито од страна на државните службеници, па до голема корупција, како што се измами од поголем размер (на пример со јавни набавки). Таа исто така вклучува проневера на јавните фондови на сите нивоа.

За повеќето земји од регионот, корупцијата претставува еден од нивните најголеми проблеми. Според Советот на Европа и Европската комисија, сигурни и споредливи податоци за степенот на проблемите со корупцијата не се достапни. Ситната корупција може да се мери до одреден степен со помош на анкетирање на жртвите. Обично анкетираните добиваат прашања дали се обврзани да плаќаат мито за добивање на јавни услуги во одреден временски период. Иако во областите каде што оваа практика е нормализирана, постои ризик од неточни одговори, сепак резултатите од спроведените испитувања покажуваат релативно точни податоци. Резултатите велат дека во оваа област на криминал, Југоисточна Европа значително се истакнува во однос на другите региони со највисоки стапки на виктимизација. Албанија забележува највисока корупцијата и се

смета за главен социјален проблем, веднаш по неа е Романија, а не заостануваат ниту Босна и Херцеговина и Хрватска, Македонија, Србија и Бугарија.

Голем дел од населението е обесхрабрено дека проблемот со корупцијата ќе се подобри во догледно време. Сепак, нема лесни индикатори за степенот на големата корупција. Ситуацијата во однос на двете ситна и голема корупција варира од земја до земја. Во деведесеттите, повеќето случаи на корупција во регионот беа поврзани со со процесите на приватизацијата на државните претпријатија, а сега тие се однесуваат главно на финансирање на проекти од меѓународните организации, доделување на јавните тендери, концесии и дозволи, измами со ДДВ...

Во истражувањето на анти-корупциската агенција Transparency International, високите нивоа на поткуп, злоупотреба на должност, тајни зделки и др. продолжуваат да ги „надразнуваат" општествата насекаде низ светот. Извештајот издаден во декември 2012 го потврдува тој факт. Имено, направено е испитување на граѓаните за нивната перцепција во однос на корупцијата во нивните земји, во кое резултатите покажуваат дека 2/3 од 176 земји имаат високо ниво на корупција.

„...Владите се неактивни и сè уште дејствуваат како во минатото останувајќи неефективни во спречување на корупцијата, дури и во државите на Европската Унија..."[43]

Земјите од Југоисточна Европа исто така имаат релативно лоши резултати. Хрватска, која се очекува да се приклучи кон Европската унија во 2013 година, има најниска забележана корупција во регионот и е рангирана на 62 место, Македонија е на 69, па следи Босна и Херцеговина (72), Црна Гора (75), Србија (80), Молдавија (94) и Косово (105).

[43] Radio Free Europe, Radio Liberty – Transparency (www.rferl.org)

## 7.4.ИЗМАМА

Измамата може да се изврши врз поединец или организација. Таа е еден од најстарите видови на економски криминал кој поради напредокот на технологијата и глобализираното општество добива нови димензии и облици. Во последните години најтешките проневери се случија во комуникацискиот, банкарскиот сектор, осигурителниот бизнис, јавните претпријатија, трговијата, производството, транспорт и логистика, енергетскиот сектор и се разбира во голем дел во склоп на компјутерските измами тесно поврзани со сајбер криминалот.

Измамите се случуваат во сите типови на организации, но и од различна големина. Најчесто измамите од поголем степен се јавуваат во поголеми организации (54% од пријавените измами биле во организации со над 1.000 вработени), но сепак постои пораст во пријавените измами и во помалите претпријатија (за 2% во претпријатија со околу 200 вработени и 3% со вработени од 200 до 1000).

Типична организација губи пет проценти од својот годишен приход поради измами, со средна загуба од $ 160.000. Измамите извршени од страна на сопственици и директори беа повеќе од девет пати потешки во однос на измами извршени од страна на вработените, додека најчесто погодени од измамничките криминални дејства се банкарството, производството и владите.[44]

Високо регулираните индустрии, како што се давателите на финансиски услуги обично се оние кои пријавуваат повеќе економски криминал. Нивните политики и системи бараат поголем степен на транспарентност што ја зголеми веројатноста за откривање на случаи на измама. Индустриите како што е градежништвото, каде што има помалку регулаторни притисоци, се повеќе склони кон економскиот криминал. Исто така нивната контрола и механизми на откривање се често помалку софистицирани, дури некои индустрии може да ги прифатат загубите предизвикани од измами како неизбежна и затоа ги занемаруваат ризиците.[45]

---

[44] Report to the Nations on Occupational Fraud and Abuse. Association of Certified Fraud Examiners, 2011

[45] PWC Global Economic Crime Survey, 2011

Резултатите од извештајот за Економски криминал на PWC од 2011 се забележува покачување на измами за 13% во периодот 2009 – 2011 година. Во листата на пријавени измами со високо или ниско ниво се наоѓаат и високо развиените и економиите во развој. Одредени растечки пазари изненадувачки пријавиле ниски нивоа на измама (Индонезија, Индија, Романија и Грција) што може да се должи на неефективноста на нивните методи за откривање и/или неподготвеност на испитаниците се подготвени да пријават измама.

Како релативно нов феномен, но неверојатно распространет во светот, како вид на измама може да се спомне т.н. „419 измама". Името на овој тип на компјутерска измама доаѓа од нејзиното нигериско потекло, но во денешно време не постои е-маил адреса која во своето сандаче не примила 419 измамничка пошта за огромни финансиски средства кои се само мамка за криминалците да продрат во трансакциските сметки на жртвите и да ги испразнат. Иако потекнува од неразвиен дел на светот, овој феномен толку брзо се прошири со помош на интернетот и широката употреба на електронските трансакции што ниедна држава не остана имуна. Развиените земји покажаа значителна загриженост, исто како и за сите форми на сајбер криминал, токму поради невозможната контрола на компјутерската мрежна комуникација и нејзиниот глобален карактер.

## 7.5. САЈБЕР КРИМИНАЛ

Економскиот криминал не дискриминира, тој е глобална појава. Нема индустрија или организација која е имуна на оваа појава која зазема сè поширoки размери.

Последиците не се однесуваат само на директни трошоци, туку и сериозна закана за наштетување на брендовите, нарушување на угледот итн. што претставува опасност за организациите и државите да ја изгубат довербата или пазарниот удел. Општеството станува помалку толерантно во однос на неетичкото однесување од страна на бизнис организациите и државите кои пак имаат потреба да стекнат доверба од страна на потрошувачите, односно јавноста, но истата и да ја одржуваат.

Како резултат на ширењето на ИТ технологијата во сите сфери на работењето и на секојдневието воопшто, во последните неколку години се забележува значително зголемување на сајбер криминалот. Денес, повеќето индивидуалци, бизниси и цели

држави во голема мера употребуваат интернет технологии, значи, без исклучок, тие потенцијално се загрозени и отворени кон криминални дејства од било кој дел на светот. Сите податоци кои се употребуваат или чуваат се изложени на компјутерски вируси и хакери кои може да бидат уништени или украдени што би било загуба, но и штета на самите индивидуалци или организации. Овој релативно нов тип на економски криминал толку брзо се шири, што стои рамо до рамо со финансиската измама со која државите постојано и долго време се борат.

Слика 4 – Сајбер криминал



Сајбер криминалот се дефинира како економски криминал кој се врши со користење на компјутери и интернет. Тој вклучува дистрибуција на вируси, илегално симнување на фајлови, крадење лични информации (како на пр. детали на банкарска сметка), крадење на идентитет  и др. Се работи за сајбер криминал ако во извршувањето на криминалното дело, централна улога има компјутер/и и/или ако дејството се одвива на интернет.[46] Освен оваа стандардна дефиниција, сајбер криминалот се опишува на различен начин, во зависност од тоа дали се гледнаа од глобална гледна точка или од микро-економска перспектива, на пример од страна на корпоративни организации или пак дел од нив (продажен сектор).

Како сублимација на повеќе гледишта, постојат пет главни типови на „сајбер напади“, секој специфичен, иако понекогаш по своите методи и цели се преклопуваат:

[46] Economic Crime Survey, PwC survey, 2011

a) Економски сајбер криминал вклучува дела извршени криминалци, често организирани на високо ниво и добро финансирани, хакирање во системи и користење на технологија како алатка да се изврши измама.

b) Сајбер шпионажа - денес, вредната интелектуална сопственост на една организација („IP“) вклучува електронски комуникации и датотеки, како и традиционалниот IP - истражување и развој („R&D“). IP кражба е сериозна закана, а жртвите не се во состојба да ја предвидат, сè додека фалсификуваните производи наеднаш не се појават на пазарот, или друга компанија не објави патент врз основа на туѓо R & D.

c) Сајбер активизам - нападите кои се извршени од страна на поддржувачите на идеалистички цели (на пример поддржувачите на Викиликс)

d) Сајбер тероризам - терористички групи кои напаѓаат државни или приватни средства, често критична национална инфраструктура како телекомуникациски и финансиски системи.

e) Сајбер криминал со цел нарушување на благосостојбата - ова вклучува составен дел од напад на држава, но и организации од приватниот сектор.[47]

Ризикот од сајбер криминал денес е на врвот на листата на ризици кои се предмет на будно следење, дури пред прашањата за оружје за масовно уништување и безбедност на ресурсите.[48]

---

[47] Иако се криминални дела во кои се користи ИТ технологија, и ја комплетираат категоризацијата, последните два типа не се исклучени во сајбер криминалот кој е дел од економскиот криминал.

[48] World Economic Forum Global Risks 2011 report, CRC Press 2012

### 7.5.1. Сајбер криминал во Македонија

Македонија станува сè попривлечна цел за компјутерските криминалци кои оперираат во македонското интернет море.

Статистиката покажува значителен пораст на комјутерскиот криминал во Македонија. Во 2011 се регистрирани 61 дело од областа на сајбер криминалот, во 2010 година се извршени 48 дела а во 2009 е забележано трикратно зголемување во однос на претходните години.

Криминалците се исто така креативни и инвентивни во однос криминалните дела и начинот на нивна операционализација. Станува збор за широка лепеза на криминални дела:

- оштетување и неовластено навлегување во копјутерски систем,
- изработка и употреба на лажна платежна картичка,
- злоупотреба на лични податоци,
- повреда на софтвер, пиратерија, и
- сите останати нелегални форми што се резултат на компјутерските технологии.

Карактеристично за интернет криминалците е што најчесто станува збор за млада популација. Сè почесто слушаме за случаи на откривање на групи хакери кои влегуваат во системите на банките и од одредени сметки земаат финансиски средства (најпривлечни се банкарските сметки). Бидејќи сајбер просторот нема граници и често извршителите можат да оперираат од друга држава, кривичните дела не можат да се расветлат без меѓународна соработка, па мора да постои борба против истиот на глобално ниво. Дополнително олеснување за сајбер криминалците е и широката распространетост на социјалните мрежи кои ја отежнуваат контролата и отвараат нови можности за нивните „креативни умови“.

# 8. БОРБА ПРОТИВ ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ

Кога рамките на криминалот и неговите видови се веќе утврдени, секако мора да постои и стратегија за борбата против него. Во Европа постојат критериуми за борбата против организираниот криминал (како најсериозен и најширок вид на криминал) и тие пред сè се однесуваат на:

- Зајакнување на собирање и анализа на податоци,
- Зајакнување на превенцијата на организираниот криминал,
- Ревизија и менување на законодавните и политичките механизми на контрола како на национално така и на регионално ниво на Европската Унија,
- Засилување на истражувањето на организираниот криминал, со едукација на кадри,
- Зајакнување на ЕУРОПОЛ,
- Идентификација и одземање на предмети кои произлегуваат од криминалните дејства.[49]

Вклучувањето во овие програми претставува единствена шанса за земјите во развој, посебно оние со економии во долгорочна транзиција кои во преодот од еден во друг систем се соочуваат со нови, досега непознати форми на криминал, како и негово брзо ширење, со цел да почнат навремено да го детектираат, да се справуваат со него, но и да преземаат превентивни мерки. Брзото прилагодување на законодавството на овие држави со тоа на развиените земји преставува еден од најважните чекори во постигнување на гореспоменатите цели за борба против криминалот.

[49] ec.europa.eu

## 8.1. СТРАТЕГИЈА И СРЕДСТВА ЗА БОРБА ПРОТИВ ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ – ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА[50]

Политиките за спречување и контрола на организираниот и економскиот криминал треба да се засноваат на исцрпно познавање и разбирање за тоа што претставува организираниот и економскиот криминал според меѓународните стандарди, нивниот опсег и модус операнди, како и разбирање на трендовите односно развојните тенденции на криминалните пазари во одделни земји и во регионот, а посебно на прекуграничните и транснационални последици на овие феномени.

Сеопфатната јавна политика и дејствување против организираниот и економскиот криминал треба да се заснова на знаење и да е вкоренета во разузнавачки податоци, обезбедени преку една добро структурирана рамка за нивно систематско собирање, анализа и обработување во согласност со европските стандарди за заштита на личните податоци.

Како што претходно беше елаборирано, регионот Југоисточна Европа е специфичен поради своето минато, географската поставеност и неговото стратешко значење, па затоа и економскиот криминал кој се среќава во областа се разликува од оној во Западниот свет и од оној во неразвиените земји. Иако борбата против економскиот криминал како вид организиран криминал бара меѓународна соработка, регионот кој повеќе или помалку со години е во процес на транзиција се одликува со особености кои налагаат посебен пристап во овој поглед. Дури и генерализацијата на регионално ниво може да се употреби само до одреден степен заради разликите во државните системи на секоја држава поодделно кои пак повеќепати се оставени сами на себе да се справуваат со оваа закана. Меѓународните организации се загрижени за релативно високата застапеност на економскиот криминал на Балканот поради одржување на стабилноста на регионот која пак придонесува за стабилноста во поширока смисла токму заради глобалните карактеристики и ефекти на економскиот криминал.

Меѓу позначајните проекти за борба против економскиот криминал во регионот Југоисточна Европа е проектот на Европската Комисија - Карпо за борба против сериозниот криминал во регионот, 2004-2007.

---

[50] Според КАРПО Регионален проект, 2007: 39

Со цел да се унапреди правната рамка и институционалните капацитети во областа на анализа на криминалот и криминалното разузнавање, се настојува да се остварат и преземат следниве цели и мерки:

- Обезбедување правна рамка за систематско собирање, анализа, обработување, управување и размена на податоци за економскиот и организираниот криминал во согласност со европските стандарди за заштита на личните податоци, како и овозможување соодветна рамка за размена на релевантни податоци и информации и пристап до релевантни извори на информации.
- Обезбедување соодветни степени на тајност односно доверливост во пристапот до податоци за организираниот и економскиот криминал согласно европските стандарди за заштита на приватноста и личните податоци.
- Изготвување на национална стратегија/план за поддршка на анализата на криминалот преку:
  - воспоставување национален (унифициран) систем или мрежа на системи за собирање податоци и за водење криминална статистика, при што ќе се имаат предвид особеностите на организираниот и економскиот криминал;
  - употреба на заедничка методологија од страна на органите надлежни за спроведување на законот во собирањето податоци и во водењето криминална статистика, при што ќе се имаат предвид особеностите на организираниот и економскиот криминал;
  - воведување обврска за задолжително доставување податоци во стандардизирана форма од страна на одредени институции;
  - анализа, која ќе се спроведува заедно со научните и академски кругови, на аспектите на организираниот криминал, трендовите, околностите, групите и технологиите коишто се користат, како и редовно објавување на извештаите за спроведените анализи; поддршка на истражувања и на институциите кои спроведуваат мултидисциплинарни истражувања на организираниот и економскиот криминал, преку обезбедување и давање релевантни податоци и друг вид поддршка, кога тоа е возможно.
- Систематско следење на ефективноста на мерките за превенција и контрола на

организираниот и економскиот криминал.

- Основање служби или одделенија за анализа на криминалот на национално ниво.
- Обезбедување систематска и сеопфатна обука на овластените службени лица за анализа на организираниот и економскиот криминал.
- Разработување на модел на т.н. дејствување на полицијата, раководено од разузнавачки податоци и вградување на овој модел во полициските стратегии против организираниот и економскиот криминал, како и интегрирање на податоците, прибавени со криминално разузнавање во работата на полицијата на национално и локално ниво.
- Олеснување на меѓународната и взаемна соработка но областа на анализа на криминалот и криминалното разузнавање преку овозможување, како од правен така и од оперативен аспект, размена на релевантни податоци и информации помеѓу надлежните органи за спроведување на законот, а со цел собирање и меѓусебно споделување на тие информации, спроведување истраги и укажување взаемна правна помош, но согласност со важечките прописи за заштита на податоци.
- На регионален план, поддршка на утврдувањето и усвојувањето заедничка методологија за собирање податоци и постапки за размена на податоци но текот на спроведување на трансгранични кривични истраги.[51]

*Финансиски истраги*

Организираниот криминалот, па и криминалот воопшто во голема мера е мотивиран од остварувањето економска корист. Затоа, следењето и фокусирањето врз приносите од криминал во борбата против корупцијата, организираниот криминал, перењето на пари и други облици на економски криминал, преку финансиски истраги кои водат кон идентификување, одземање и конфискација на приносите од криминал, претставува составен дел на секоја сеопфатна стратегија против криминалот. Во последниве години, земјите од Југоисточна Европа постигнаа значителен напредок

[51] Извор: КАРПО Регионален проект, 2007

на планот на пристапување кон релевантните меѓународни правни инструменти, и во многу случаи, нивните законодавства ја предвидуваат мерката конфискација на предмети и приноси од криминалот. Меѓутоа, мора да се признае дека тие се соочуваат со големи предизвици во ефикасната примена на ова законодавство во практиката.

Оттаму, со цел концептот на интегрирана финансиска и кривична истрага насочена кон конфискација на приносите од криминал целосно да се имплементира во системот на спроведување на законот и во системот на кривично-правна заштита, се настојува да се остварат и преземат следниве цели и мерки:

- Унапредување на правната рамка со која се уредуваат: прашањето за идентификација, следење, замрзнување, одземање и конфискација на приносите од криминалот,
- Воспоставување истражни стратегии насочени кон следење на имотот на организираните криминални групи преку интегрирање на финансиските истраги со кривичните истраги,
- Јакнење на соработката помеѓу различни органи и институции,
- Проширување и продлабочување на меѓународната и взаемна соработка во оваа област.

Со цел да се обезбедат мерки и стратегии за борба против економскиот криминал во регионот, освен горенаведениот проект, формирани се специјализирани институции кои работат на конкретниот проблем или пак тој е во склоп на евро-атланските интеграциски процеси, безбедносните, правните и законските реформи во државите кои се дел од регионот, или пак дејствуваат на поглобално, европско или светско ниво. Такви се: Регионална стратегија за средства против организираниот и економскиот криминал од 2005 година, Советот за регионална соработка, Регионална Анти-Корупциска Иницијатива за Југоисточна Европа, Европски комитет за економски и социјални прашања, Стратегија за проширување и главни предизвици 2011 – 2012, Европската служба за судска соработка во борбата против прекуграничниот криминал, Пактот за борба против тероризмот и организираниот криминал, Канцеларијата за борба против дрога и криминал на ОН, стратегија за борба против трговијата со луѓе од 2005, Спогодбите за стабилизација и асоцијација, бројни невладини организации и стратегии и единици на ЕУ, НАТО, Меѓународната банка за обнова и развој, Светската банка, ММФ, ОН и други.

Заканите од овој вид на криминал на Балканот имаат голем и широк размер, како во државна така и во глобална смисла. Токму затоа институциите, стратегиите и програмите за поддршка на борбата за спречување на истиот имаат огромно значење.

*Специјални истражни мерки*

За адекватно справување со криминалот, во сите негови современи облици и модалитети, неопходно е органите надлежни за спроведување на законот да применуваат ефикасни средства и современи полициски стратегии во процесот на откривање, истрага и кривичен прогон, вклучувајќи и примена на специјални односно посебни истражни мерки (следење на комуникации, електронско тајно набљудување, прикриени операции и друго).

Меѓутоа, имајќи го предвид наметнувачкиот карактер на овие специјални истражни мерки, односно навлегувањето на овие мерки во приватната сфера и во правата и слободите на поединецот, нивната примена треба да подлежи под строгите принципи на законитост и да биде под процедурални гаранции и механизми за заштита. За ефикасна примена на овие мерки во согласност со европските стандарди за заштита на човековите права, земјите мора да изградат сеопфатна правна рамка и соодветна институционална структура со ефективни контролни механизми, како И да имаат добро обучени кадри за практична примена на овие мерки. Понатаму, истрагите и судските постапки за организирани криминални дејства често вклучуваат и трансгранични елементи и соработка помеѓу органите надлежни за спроведување на законот и обвинителствата на повеќе земји. Тоа налага висок степен на усогласеност на законската регулатива (при што ќе се имаат предвид и ќе се почитуваат спецификите на различни земји), а посебно е потребна усогласеност на правилата за прибирање и изведување докази во различни земји, како и унапредување на соработката во прекугранични истраги, особено во однос на дејствувањето на заеднички истражни тимови и во размената на прикриени агенти односно лица со прикриен идентитет. Во последниве години, во регионот многу е постигнато на планот на усвојување и прилагодување на законската регулатива кон европските стандарди, меѓутоа нејзината примена во практиката е често ограничена поради недостаток од современа опрема за набљудување и следење на комуникации, како

и поради недостаток од внатрешна односно интерна регулатива и насоки и обучени специјалисти.

*Механизми за заштита на сведоци на сериозниот криминал*

Детално разработениот систем на мерки, кој овозможува ефективна заштита на сведоците и соработниците на правдата и тоа пред поведување, во текот на и по завршување на кривичната постапка, се докажа дека претставува основно средство за успешна истрага и кривичен прогон на сериозните кривични дела, но исто така тој претставува и обврска на системот на кривично правна заштита спрема ранливите И лесно подложни жртви на криминал, како што е тоа случај со жртвите на трговијата со луѓе. Неопходен е спектар на различни процесни и непроцесни мерки за заштита на сведоци, кој ќе обезбеди сведоците слободно и без заплашување да можат да сведочат и да се сослушаат, и кој ќе обезбеди заштита на нивните животи и на животите на нивните роднини и најблиски и тоа пред поведување, во текот на и по завршување на кривичната постапка. Воодушевува напредокот што на овој план е постигнат последниве две години во Југоисточна Европа, каде повеќе земји донесоа посебни закони за заштита на сведоци и основаа посебни служби или одделенија за заштита на сведоци. Сепак, останува предизвикот како овие одделенија во целост да профункционираат, И како да се обезбеди трајно и стабилно финансирање на програмите за заштита на сведоци и нивно вклучување во европските и други меѓународни мрежи и системи за заштита на сведоци. Во регионот, исто така постои законска регулатива со која се предвидуваат различни процесни мерки за заштита, но за да се унапреди нејзината практична примена потребна е натамошна обука на релевантните фактори во системот на кривично правна заштита, како и обезбедување пристап до современите телекомуникациски системи за сведочење преку аудиовизуелна врска.

*Соработка во кривичните предмети*

Организираниот транснационален криминал не е предизвик со кој земјите би можеле самостојно и одделно да се справат. Затоа, меѓународната и взаемна соработка во кривичните предмети има клучна улога во општата рамка и констелација на односи помеѓу државите како на европски, така и на меѓународен план. Оваа соработка може да се остварува во најразлични форми и облици, вклучувајќи оперативна соработка помеѓу органите надлежни за спроведување на закон, взаемна правна помош во истрагата и кривичниот прогон и во екстрадицијата на осомничени за кривични дела, при што секој од овие облици на соработка и помош претставува ефикасно средство во борбата против организираниот и економскиот криминал.

Во последниве години, земјите од Југоисточна Европа постигнаа значителен напредок на планот на пристапување кон европските и меѓународни инструменти кои овозможуваат соработка во кривичните предмети, како и на планот на склучување многубројни билатерални договори.

Слика 5 – Кривично судство



Сепак, мора да се признае дека во моментов земјите располагаат со различни капацитети за нивно активно учество во меѓународната соработка, и тие допрва ќе имаат можност да го согледаат и да го искористат потенцијалот на овие форми на соработка. Предизвикот со кој тие се соочуваат, е да се воспостави функционален систем за меѓународна и взаемна соработка преку отстранување на постоечките правни и

практични пречки, преку обезбедување нивното национално законодавство да овозможи целосно исполнување на обврските преземени со пристапувањето кон релевантните договори, преку развивање на оперативните капацитети на судските органи и на органите надлежни за спроведување на законот, преку размена на податоци и информации и преку усовршување на професионализмот на надлежните органи низ сеопфатни програми за обука, размена на искуства и експертиза. Понатаму, кога ќе се осмислуваат и преземаат законодавни и институционални мерки за унапредување на меѓународната соработка мора да се имаат предвид новите развојни тенденции во областа на правото на ниво на Европската Унија поврзани со меѓународната и взаемна соработка во кривичните предмети.

# 9. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЗАКАНИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ ВРЗ ЕКОНОМСКАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ

*Дефинирање на целите и предметот на истражување*

Основна цел на ова истражување е да се објасни економскиот криминал, неговото потекло, развој и форми во кои се јавува. Преку теоретски осврт да се дојде до одговори на прашањата поврзани со појавата на економскиот криминал, неговото ширење и заканата која произлегува од него, како и мерките кои би требало да се спроведуваат, па до нивна употреба. Воедно, со истражувачкиот дел, се цели кон утврдување на неговиот импакт врз економската безбедност на државите како дел од националната безбедност.

Дополнителни цели на истражувањето е да се дојде до заклучоци за мотивите и факторите кои влијаат на појавата и застапеноста на економскиот криминал, негова превенција и спречување. Да се утврди кои мерки за спречување на економскиот криминал се применуваат и каков резултат даваат. Посебно да се истакне случајот со регионот Југоисточна Европа и Македонија како негов дел. Да се елаборираат видовите, појавата и потеклото на економскиот криминал во овој регион, причините и факторите кои влијаат на него, како и ефектите кои ги има врз економската и националната безбедност на државите од овој регион со посебен осврт на Р. Македонија.

Предмет на истражување на магистерскиот труд е да се даде осврт за економскиот криминал како значаен дел од криминалните дејства. Да се објасни економската безбедност на државите преку нивниот економски развој и економско-политички систем и заканата на економскиот криминал врз неа. Воедно, да се разграничат формите на економски криминал и превенција и справување со истиот преку правни и безбедносни мерки.

*Основна Хипотетичка рамка – Развој и дефинирање на хипотези*

Општа хипотеза

- Економскиот криминал претставува сериозна закана врз економската безбедност на државите.

Поединечни хипотези

- Економскиот криминал сериозно ја нарушува економската стабилност на државите
- Економскиот криминал претставува закана за национална безбедност на државата
- Мерките за превенција на економскиот криминал во голема мера влијаат врз неговото спречување
- Позицијата на државите во меѓународните организации зависи од нивната економска безбедност

Независни варијабли

- Економски криминал

Зависни варијабли

- Економска безбедност на државите

Индикатори

- Економски развој на државите
- Бруто домашен производ
- Стапка на инфлација

- Сиромаштија
- Невработеност
- Економска слобода
- Владеење на законот
- Управна ефикасност
- Монетарна и финансиска слобода
- Имотни права
- Причини и мотиви за појава на економски криминал
- Економски и политички систем на државите
- Правен систем на државите
- Политички систем на државите
- Систем на национална безбедност
- Мерки за спречување на финансискиот криминал
- Позиција на државата на меѓународно ниво
- Застапеност на различните форми на економски криминал

*Методологија на истражувањето*

- Метод на дескрипција,
- Метод на класификација,
- Метод на компарација,
- Метод на набљудување,
- Метод на дескрипција,
- Метод на анализа и синтеза,
- Метод на генерализација и специјализација, и
- Метод на индукција и дедукција.

Исто така, во магистерскиот труд се користат статистички методи. Тие опфаќаат прибирање на податоци, нивна обработка, поделба и утврдување на разни показатели, како и презентирање на резултатите преку табели и графикони. Освен

статистички методи, во дел од истражувањето се користи и методата на споредба по држави и региони со посебен осврт на репрезентативниот примерок Македонија и регионот Југоисточна Европа.

*Определување на примерок*

Самото истражување е дизајнирано како компаративно – квалитативна пресечна студија која главно се потпира на статистички податоци.

Примерокот ќе биде определен со репрезентативни претставници од развиените и земјите во Европа и земјите во развој од регионот Југоисточна Европа, со посебен осврт на Р. Македонија. Специфичноста на балканскиот регион во ова поле на истражување се согледува преку споредбата на економскиот криминал од повеќе гледни точки, појавни облици, карактеристики, потекло, фактори и ефекти врз економската безбедност на државите итн.

*Анализи на резултатите од истражувањето*

Во ова истражување не може да се даде приоритет на ниедна од методите на истражување. Причината е тоа што само преку комбинација во користењето на сите горенаведени истражувачки методи може да се дојде до точни податоци. Иако истражувањето се потпираат на веродостојни извештаи на меѓународни организации и независни групи за истражување не смее да се изостави тоа што тие содржат одредена доза на субјективност. Освен тоа мора да се нагласи тешкотијата да се воспостави директна врска помеѓу економскиот криминал и економската безбедност заради широкиот спектар на форми и појавни облици на овој тип на криминал и безбедноста која е условена од многу социолошки и економско-политички фактори, уредувањето на државата и промените на истото, влијанието на националната и меѓународната политика, културолошките феномени на однесување на граѓаните, менталитетот, традицијата и историскиот развој на општествениот поредок и општествените норми итн.

*Ограничување на примерокот*

Примерокот е ограничен во смисла на опфатност заради неможноста да се обработат податоците од сите земји рангирани во групата на развиени или земји во развој. Сепак, се смета дека вклучувањето на репрезентативните претставници како примерок дава доволно податоци за постигнување на целите на овој труд.

Временското ограничување се однесува на статистичките податоци за состојбата на државите кои се истражуваат. Во дел од студијата (потекло и причини за појава на економски криминал) предметот на истражување се разгледува во поголем временски период затоа што самото прашање наложува историски осврт. Во остатокот од студијата, поточно во делот на истражувањето, статистичките податоци се ограничени т.е. се земаат предвид само актуелните податоци што наведува на пресечна студија на истражување. Ограничувањето на податоците се должи на неможноста да се навлезе во тековите на развој на предметот на истражување во различни земји и споредба помеѓу истите токму заради потребата да се задржи фокусот на актуелноста на проблематиката за да се овозможи одговор на поставените прашања. Исто така, податоците се временски ограничени и од аспект на недостапност на истите или се земени последните релевантни статистички податоци (пред неколку години) кои се на располагање и се издадени од соодветни институции. Постои ограничување и во ажурноста на податоците, на пример, за пријавени случаи на економски криминал, бројот на пријавени случаи не секогаш е мерило за нивната појава од причина што тоа можеби се должи на стравот на населението да пријавува или пак недовербата во институциите. Истото се однесува и на податоците земени од истражувањата поврзани со јавното мислење. Од друга страна пак за одредени категории на истражувањето постои недостаток од податоци во земјите од примерокот. Заради тие причини во анализата и заклучокот се земаат предвид и другите фактори наведени во разработката на предметот на истражувањето што значи дека истите не се потпираат единствено на статистичките податоци. Имено цифрите од статистичкиот метод воедно служат и како поткрепа на изведената анализа од употребата на другите наведени методи во истражувањето.

| Држава | Жители (Милиона) | БДП (Билиони) $ | БДП по жител $ | БДП Стапка на раст (%) | БДП Стапка на раст за 5 години (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Австрија | 8 | 352 | 41,822 | 3 | 1 |
| Германија | 82 | 3,099 | 37,897 | 3 | 1 |
| Македонија | 2 | 21 | 10,367 | 3 | 3 |
| Србија | 7 | 79 | 10,642 | 2 | 2 |
| Хрватска | 4 | 80 | 18,192 | 0 | 0 |

Извор: Economic freedom

http://www.heritage.org/index/explore

| Држава | Невработеност (%) | Инфлација (%) | Влез на Странски директни инвестиции (Милиони) | Јавен долг (% од БДП) |
|---|---|---|---|---|
| Австрија | 5 | 4 | 14,128 | 72 |
| Германија | 6 | 2 | 40,402 | 82 |
| Македонија | 31 | 4 | 422 | 28 |
| Србија | 23 | 11 | 2,709 | 48 |
| Хрватска | 18 | 2 | 1,494 | 46 |

Извор: Economic freedom

http://www.heritage.org/index/explore

Првите две табели содржат општи податоци за државите претставуваат репрезентативен примерок во оваа студија. БДП и БДП по жител, како и растот на истиот претставуваат еден вид на општ показател во однос на моменталната економска ситуација на државата како и нејзината промена во однос на претходната година, што наведува на најверојатно слично движење во претстојните години, доколку главните параметри не се променат.

| Држава | Фискална слобода | Трошење на владата | Монетарна слобода | Инвестициска слобода | Финансиска слобода |
|---|---|---|---|---|---|
| Австрија | 51 | 24 | 79 | 85 | 70 |
| Германија | 62 | 37 | 81 | 85 | 70 |
| Македонија | 91 | 69 | 84 | 60 | 60 |
| Србија | 84 | 40 | 65 | 65 | 50 |
| Хрватска | 75 | 49 | 81 | 75 | 60 |

Извор: Economic freedom

http://www.heritage.org/index/explore




| Држава | Имотно право | Слобода од корупција | Бизнис слобода | Работничка слобода | Трговска слобода |
|---|---|---|---|---|---|
| Австрија | 90 | 78 | 74 | 80 | 87 |
| Германија | 90 | 80 | 92 | 44 | 87 |
| Македонија | 35 | 39 | 80 | 78 | 85 |
| Србија | 40 | 33 | 60 | 70 | 78 |
| Хрватска | 40 | 40 | 63 | 42 | 88 |

Извор: Economic freedom

http://www.heritage.org/index/explore




Индексирањето на економската слобода на државите е извршено врз основа на резултатите од следните показатели: имотните права, слобода од корупција, фискалната слобода, трошењето на владата, бизнис слободата, работната слобода, монетарната слобода, трговската слобода, инвестициската слобода и финансиската слобода.

| Држава | Ранг позиција на светско ниво | Ранг позиција на регионално ниво (Европа) | Индекс на економска слобода за 2013 | Промена на индексот од 2012 |
|---|---|---|---|---|
| Австрија | 25 | 14 | 72 | 2 |
| Германија | 19 | 10 | 73 | 2 |
| Македонија | 43 | 21 | 68 | 0 |
| Србија | 94 | 37 | 59 | 1 |
| Хрватска | 78 | 35 | 61 | 0 |

Извор: Economic freedom
http://www.heritage.org/index/explore




Секој од овие показателите кои ја одредуваат економската слобода има посебно економско значење, но, горенаведениот спој го утврдува индексот на економска слобода на кој се гледа од поинаков аспект токму заради тоа што не е изолирано економски, туку укажува на општата ситуација, во која акцент се става на граѓание и нивните права и слободи. Индексот на економската слободна на нашиот примерок варира, т.е. се наоѓа на различно ниво кога се работи за регионот, но и во светски рамки. Во однос на западноевропските развиени држани, нивото на економска слобода на Балканот е помала, но, Р. Македонија е пред Србија, но и Хрватска. Ако се земе предвид дека Хрватска неодамна стана членка на ЕУ, можеме да заклучиме дека степенот на развиеност не е единствениот фактор кој влијае врз овој индекс, напротив, спојот од повеќето показатели дава појасна слика. Освен тоа, развојот на државите во голема мера зависи од нивното членство во меѓународните организации, но и самото членство е условено од бројни реформи кои се однесуваат на екомијата, политичкиот систем и безбедноста. Токму заради тие причини, во оваа студија, се земени повеќе директни и индиректни фактори во однос на утврдувањето на економската безбедност.

| Моментално најбитни прашања за државата | економска ситуација | Криминал | Невработеност |
|---|---|---|---|
| Австрија | 35 | 9 | 23 |
| Германија | 16 | 13 | 17 |
| Македонија | 43 | 30 | 60 |
| Србија | 50 | 29 | 56 |
| Хрватска | 43 | 29 | 70 |

Извор: European Commission - Eurobarometer

Извор: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb/eb78/eb78_en.htm




Проблемите со кои моментално се соочува една држава се еден од приоритетите на власта и општеството, како на краткорочен, така и долгорочен план. Да се предвиди која би била следната закана е прашање на кое работат бројни екперти и институции. Ако навремено се интервенира, проблемот, неогвите последици и заканите од истиот би се свеле на минимално ниво. Државите од Југоисточна Европа, имајќи историјат на транзиција и немири, имаат континуиран проблем во предвидување на заканите и ажурно реагирање кога истите ќе се појават. Освен економските прашања, веќе подолго време постои загриженост во решавање и искоренување на безбедносните проблеми, поради што регионот се смета за недоволно безбеден и стабилен во однос на Западна Европа.

| Доверба во владата | имаат доверба | немаат доверба |
|---|---|---|
| Австрија | 48 | 48 |
| Германија | 39 | 56 |
| Македонија | 30 | 67 |
| Србија | 23 | 73 |
| Хрватска | 27 | 70 |

Извор: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb/eb76/eb76_tablesresults_en.pdf




Недостаток на доверба во владата и државните органи е јасен показател за присуство на мито и корупција кои се криминални дејства поврзани со економската и политичката стабилност на државата. Од горенаведените податоци се гледа разлика во довербата во владата, имено, државите од балканскиот регион заостануваат зад западноевропските дрѓави по однос на ова прашање.

| Задоволство од моменталниот живот | Задоволен | доста задоволен | не многу задоволен | воопшто незадоволен |
|---|---|---|---|---|
| Австрија | 21 | 64 | 13 | 2 |
| Германија | 26 | 63 | 9 | 2 |
| Македонија | 13 | 51 | 17 | 19 |
| Србија | 3 | 31 | 43 | 20 |
| Хрватска | 16 | 51 | 24 | 8 |

Извор: European Commission - Eurobarometer

Извор: http://ec.europa.eu/public_opinion/index_en.htm




| Демократија во државата | Задоволен | доста задоволен | не многу задоволен | воопшто незадоволен |
|---|---|---|---|---|
| Австрија | 21 | 64 | 13 | 2 |
| Германија | 26 | 63 | 9 | 2 |
| Македонија | 13 | 51 | 17 | 19 |
| Србија | 3 | 31 | 43 | 20 |
| Хрватска | 16 | 51 | 24 | 8 |

Извор: European Commission - Eurobarometer

http://ec.europa.eu/public_opinion/index_en.htm




Анкетите спроведени од страна на институциите на Европската Унија покажуваат значителни разлики помеѓу државите – примерок, и тоа во однос задоволството од моменталниот живот и демократијата. Овој показател ги рефлектира резултатите од функционирањето на државата врз нејзините граѓани каде што големо влијание има економскиот систем, сиромаштијата, но и чувството на безбедност од секаква гледна точка, па и економска.

Закани и предизвици за националната безбедност на ЕУ




Извор: European Commission - Eurobarometer

http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb_special_379_360_en.htm

| Ризик | просек | безбедност | политичка стабилност | владина ефективност | макро економски | надворешна трговија и платежен систем |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Австрија | 15 | 4 | 10 | 21 | 40 | 7 |
| Германија | 20 | 18 | 15 | 21 | 40 | 11 |
| Македонија | 49 | 50 | 55 | 64 | 30 | 43 |
| Србија | 54 | 57 | 55 | 64 | 60 | 50 |
| Хрватска | 40 | 25 | 45 | 54 | 45 | 39 |

Извор: Economist intelligence unit http://www.eiu.com/




| Ризик | просек | правно-регулаторен | финансиски | даночна политика | пазар на труд | инфраструктура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Австрија | 15 | 10 | 17 | 19 | 21 | 3 |
| Германија | 20 | 18 | 21 | 19 | 29 | 6 |
| Македонија | 49 | 60 | 63 | 25 | 46 | 56 |
| Србија | 54 | 60 | 79 | 25 | 46 | 44 |
| Хрватска | 40 | 45 | 42 | 31 | 39 | 38 |

Извор: Economist intelligence unit http://www.eiu.com/




Во однос на тоа што претставува најголем ризик за една држава, резултатите во сите наведени фактори (надворешна трговија и платежен систем, макро економски фактори, владина ефективност, политичка стабилност и безбедноста, инфраструктура, пазарот на труд, даночната политика, финансиски и правно-регулаторен ризик) покажуваат разлики од држава до држава, и тоа, кај сите показатели државите од Југоисточна европа бележат повисок степен на ризик. Разликата во макроекономските фактори не е голема, но, кај безбедноста се забележува огромен јаз. Исто така голема разлика постои во финансискиот и правно-регулаторниот ризик што алудира на ризик во однос на економско-финансиските прашања.

| Држава | ПЕРЕЊЕ ПАРИ/број на пресуди 2011 | БОЈ НА ПРИЈАВЕНИ СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ 2011 (на 1.000 жители) |
|---|---|---|
| Австрија | 537 | 2,075 |
| Германија | 1,070 | 12,867 |
| Македонија | 8 | 246 |
| Србија | 510 | 2,257 |
| Хрватска | 10 | 226 |

Извор: http://www.knowyourcountry.com

Кај еден од типовите финансиски криминал – перењето пари, како што е прикажано погоре, не се забележува голема разлика, т.е. постои непропорционален однос помеѓу бројот на пресудите и сомнителните пријави и степенот на развој на државата. Од друга страна, овие два показатели не се потполно веродостојни и има можност да не ја прикажуваа вистинската слика. Причината лежи во тоа што, кај државите со помала контрола врз економскиот криминал, и голем страв кај граѓаните да ги пријават тие случаи, што пак е поврзано со довербата во државните институции, регистрираниот број на пријави и пресуди најверојатно е значитено помал од реалниот.

| Држава | СИВА ЕКОНОМИЈА % од БДП (2003-2011 просек) |
|---|---|
| Австрија | 9.80 |
| Германија | 16.00 |
| Македонија | 37.60 |
| Србија | 39.10 |
| Хрватска | 32.50 |

Извор: Schneider, F. , "Size and development of the Shadow Economy: some new facts ", 2011




Од графиконот погоре забележуваме доста поголема распространетост на сивата економија (како % од БДП) во државите од Југоисточна европа, отколку во

западноевропските земји. Заради тоа што е земен просек во однос на БДП, наведениот показател е порелевантен за ова истражување.

| Корупција | индекс на перцепција | корупција скор |
|---|---|---|
| Австрија | 7.90 | 69.00 |
| Германија | 7.90 | 79.00 |
| Македонија | 4.10 | 43.00 |
| Србија | 3.50 | 39.00 |
| Хрватска | 4.10 | 46.00 |

Извор: http://www.transparency.org/cpi2012/results




Индексот на перцепција на корупцијата кај земјите и териториите е измерен врз основа на тоа колку корумпиран се смета јавниот сектор. Скорот на корупција во поодделните држави е прикажан на скала од 0 до100, каде 0 значи дека земјата се перцепира како високо корумпирана, а 100 значи дека се е многу „чиста". Според горенаведените резултати од извршеното истражување за 2011 година, западноевроските земји имаат повисок индекс на перцепција а корупцијата е помалку застапена.

| Корупција | % од БДП по жител | % од просечна месечна плата |
|---|---|---|
| Македонија | 14.40 | 144.00 |
| Србија | 4.00 | 35.00 |
| Хрватска | 2.70 | 50.00 |

Извор: Corruption in the Western Balkans, Bribery as experienced by the population, UNODC, 2011

http://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/corruption/Western_balkans_corruption_report_2011_web.pdf




Според UNODC, споредувајќи ги земјите од Западен Балкан, Македонија е во најлоша состојба во однос на другите држави – примерок.

| Држава | Пењере пари/ризик |
|---|---|
| Австрија | низок |
| Германија | низок |
| Македонија | среден |
| Србија | среден |
| Хрватска | среден |

Извор: www.promontorycs.com/atlas.shtml

| Назаконски финансиски текови во земји во развој (2001-2010) | вкупно Милиони $ | $ по жител | годишен просек M $ |
|---|---|---|---|
| Македонија | | 2,254.00 | 461.00 |
| Србија | | | 5,144.00 |
| Хрватска | 15,248.00 | 3,436.00 | 1,525.00 |

Извор: Illicit Financial Flows from Developing Countries 2001-2010 A December 2012 Report from Global Financial Integrity
http://iff.gfintegrity.org/explore.html

Ризикот од перење пари, кај Македонија, Србија и Хрватска е проценет на повисок отколу кај Австрија и Германија. Овој факт се должи на недоволно силни мерки за превенција и заштита од овој тип на економски криминал.

| Загуби од фалсификување | Милиони $ |
|---|---|
| Австрија | 226 |
| Германија | 32,250 |
| Македонија | |
| Србија | 104 |
| Хрватска | 74 |
| *Вкупно во светот* | *65,057,000* |

Извор: Havoscope, Global black money information
http://www.havocscope.com/losses-to-counterfeit-goods-by-country/

| **Држава** | 419 измами за 2009 | загуба M$ | Пријави |
|---|---|---|---|
| Австрија | 42.00 | 5.30 | 21.00 |
| Германија | 455.00 | 522.00 | 1,023.00 |
| Македонија | | | 16.00 |
| Србија | 17.00 | 1.20 | 13.00 |
| Хрватска | 4.00 | 0.93 | 3.00 |

Извор: ultrascan advanced global investigations report 2010
http://www.ultrascan-agi.com/public_html/index.html

Пркажаните показатели за загубите од измами и фалсификување не претставуваат релевантен фактор за споредба на државите по региони и развиеност, заради тоа што кај побогатите држави постои можност за поголеми загуби заради нивната развиена економија и финансиските текови кои се одвиваат во истите, а исто така тие се и територијално поголеми. Истовремено, во земјите во транзиција постои можност за непријавени измами и загуби од истите. Сепак можеме да наведеме на загрижувачко присуство на економски криминал од овој тип во сите држави кои се дел од нашиот примерок, а особено во земјите од Југозападена европа.

*Заклучоци по однос на анализите и понатамошни насоки*

Статистичките податоци покажуваат значителна застапеност на економскиот криминал во балканскиот регион, поточно во земјите во транзиција, но не изостанува ниту во регионот на Западна Европа. Поголеми разлики се забележуваат во типот на економски криминал. Имено западноевропските развиени земји се соочуваат со заканите на современиот информатички криминал кој заради глобалната употреба на информатичките средства не познава граници, додека земјите во развој сè уште се загрозени од последиците од промените во нивното политичко и економско уредување со корупцијата на врвот од листата на најсериозни финансиско криминални дејства. Освен тоа, тие страдаат од релативно лоша репутација на меѓународно ниво како земји во кои се перат средствата од финансиски криминал ширум светот. Ова не значи дека во земјите во развој не постојат други видови на измами, но поради сериозноста на проблемот со корупцијата и перењето пари, фокусот на вниманието на владите и меѓународните организации се задржува токму на овие долгогодишни закани. Од друга страна пак, неодамнешните реформи во финансиските системи на овие земји оставаат простор за изнаоѓање на заобиколени патишта за остварување на криминални цели и измами како во јавниот така и во приватниот сектор (затајување на данок, фалсификување, измами и проневери итн.). Развиените земји со веќе цврсто воспоставена финансиско-економска структура, со соодветни тела за контрола и заштита од заканите од овој тип вложуваат големи напори и средства да ги следат новите трендови и глобалните криминални појави, додека транзициските економии не се во состојба да го прават истото што ги прави ранливи и ја влошува нивната ситуација на економско, политичко, демократско и социјално ниво, што директно и индиректно влијае на повеќе индикатори на микро и макро ниво (сиромаштија, БДП, инфлација, национален долг, прилив на странски инвестиции итн.). Развиените региони во светот се сè позагрижени во врска со економскиот криминал од другите региони кој делумно се остварува или ако ништо друго се троши во нивните земји заради глобализацијата, слободната трговија, и најважно распространетоста на информатичката технологија.

Во извештаите земени предвид во ова истражување, статистичките податоци за јавно мислење го потврдуваат горенаведеното, дека во земјите во развој постои поголема застапеност на економски криминал со особено присуство на корупција, освен тоа населението помалку верува во власта, се чувствува помалку безбедно, а државите бележат ниска стапка на раст и имаат полоши макроекономски резултати. Освен тоа, тие се условени од меѓународните организации за примена на стратегиите и програмите за контрола и сузбивање на економскиот криминал, која иако се спроведува се чини значително тешка, поготово на начин на кој би вродила позитивни резултати.

Како што веќе беше споменато, јавното мислење дава повистинита слика за економската безбедност и застапеноста на економскиот криминал, отколку статистиката за бројот на пријавени случаи. Малата стапка на пријавени случаи може да биде несоодветен систем на контрола и откривање на економски криминал, недоволна свесност на граѓаните за појавата на истиот, недоверба на населението во владата и јавните органи, страв на јавноста заради репресија, уцена или сл. Од друга страна голем број на пријавени случаи може да сугерира на ефикасноста на полицијата, па последователно на тоа, земјите со најголем број на пријавени случаи не се и земји со најголема стапка на економски криминал. Нејасноста во врска со жртвата исто така претставува пречка во мерењето на економскиот криминал што не е случај во конвенционалниот криминал. Како што претходно беше елаборирано, жртвата од овој тип на криминал може да премине од поединец во група, или од помала во поголема група оставајќи долготрајни ефекти врз општеството како целина.

Економската слобода исто така претставува битен индикатор за ова истражување. Ранг листата на индекс на економска слобода се вклопува во меѓународниот став на организациите, државите и оние кои имаат намера да инвестираат во одредена земја. Индексот на економска слобода во ова истражување е земен од меѓународната фондација Heritage и се смета за доста релевантен показател заради тоа што ги покрива индикаторите кои се важни за економската безбедност на една држава и ставот на другите држави спрема неа со цел да се инвестира или да се воспостави трговска соработка. Според статистичките податоци за економска слобода во репрезентативните примероци, забележуваме повисок степен на економска слобода кај развиените држави во споредба во земјите во транзиција што значи дека и покрај големиот потенцијал на Балканот за

странски инвестиции, постои загриженост од страна на инвеститорите и меѓународните финансиски институции за кредитирање на големи инвестициски проекти. Причината лежи во недовербата во политичките и економските системи на овие земји и стравот од корупција, недостаток на демократија во пазарните односи и постоење на монополи наместо конкурентност на пазарот. Сите овие причини се покриени со индексот на економска слобода.

Иако цената што се плаќа заради економски криминал може едноставно да се изрази во пари, тој не треба да се третира исклучиво на овој начин, т.е. треба да се вклучи (како и со сите кривични дела) степенот на емоционална вознемиреност на жртвите и ризикот за структурата на општеството. Тоа значи дека фокусот не треба да остане само во финансиски цифри, но и во својство на жртвите кои ги апсорбираат загубите. Степенот на емоционалното влијание на измамата е променливо, па дури и во рамките на бизнис секторот. Довербата е она што ги држи бизнисот и општествениот живот заедно и иако општествениот живот може да постои без доверба, недовербата го попречува економскиот и морален развој и може да доведе до последици од типот на непочитување на законот или извршување на криминални дела.

## ЗАКЛУЧОК

Обемот и влијанието на економскиот криминал е огромно. Од економска гледна точка го нарушува економскиот систем на земјата, го модифицира пазарот во крајно негативна смисла и директно или индиректно причинува фатални ефекти врз општеството како група, но и врз граѓаните поединечно. На микро ниво, тој се протега од банкарството и надворешната економска активност, корпоративни бизниси и заеднички вложувања до малите претприемнички потфати.

Овој криминал е динамичен и еволуира, и прилагодувајќи се на надворешните фактори, сериозно навлегува и ги разјадува социјалните односи во земјата. Се чини дека мора да се признае дека економскиот криминал „расте" во телото на општеството, се регенерира, а неговото влијание ги опфаќа сите општествени слоеви. Можеме да кажеме дека ранливата политичка ситуација, неповолната состојба во економијата, растот на социјалните тензии меѓу некои социјални групи и класи – сето ова е „совршена подлога" за економски криминал.

Во земјите кои се ослободија од колонијалното угнетување, незаконските економски активности често претставуваат повеќе од половина од националното производство. Во земјите со поранешно социјално уредување, почетокот на социо-политичките промени значително ги зголеми активностите на организираниот криминал. Во многу региони од поранешниот Советски Сојуз, процесите на ревитализацијата на националниот суверенитет, независноста на нацијата, формирањето на нова политичка елита итн. видливо беа придружени од појава и ширење на централизирано контролирани криминални активности.

Познато е дека ефектите од овој вид на криминал влијаат на конститутивните елементи на политиката, како што се: политичките односи на различни социјални и економски групи меѓу кои економската елита и институциите на власта, политичка свест и политичката организација на општеството, одразувајќи се на нивната состојба. Присуството на економски криминал покажува дека политички важните економски интереси на различните општествени групи на населението не се решаваат на правилен начин и не се правилно земени предвид. Од овде, произлегува дека економскиот криминал делува како реакција на работодавците за несоодветно спроведување на даночниот систем

во однос на остварување на нивните витални економски интереси. Од друга страна, овој вид криминал ја покажува подготвеноста на секој бизнис да генерира профит по секоја цена, а со тоа предизвикува и кршење на правните и моралните стандарди на однесување во општеството. Последователно на тоа, на економскиот криминал може да му се припише дуален карактер што значи дека треба да биде соодветно идентификуван, да се предвиди како одредена стратегија влијае на него, и условите и факторите кои придонесуваат за неговиот развој. Сепак, се чини дека често вниманието е насочено само кон кривично правниот систем и ја докажува неуспешноста на државите да се справат со оваа закана. Како резултат на тоа, се појавува причина за воведување на нови пристапи кон подобрување на факторите кои ја зголемуваат ефикасноста за контрола на економскиот криминал. Во оваа насока, исто така е важно да се бараат нови идеи и ставови за економска безбедност, улогата на државата и општеството во сопственото функционирање. Правилно избраните, правилно формулираните стратегии и нивната имплементација имаат голем потенцијал, додека спротивното може да доведе до деструктивни и опасни последици за општеството. Општество не толерира насилство, угнетување и притисок. Нашето општество е „оптоварено" со сите три, како од страна на криминалниот свет, така и од државата која потфрлува во своите напори да се справи со истиот. Очај и растечка социјална тензија се шири и навлегува во сите „пори" на општеството. Ненаситност, лакомост и желбата за профит од страна на некои не познава за граници, ниту ги почитува законите и општествените норми оставајќи го остатокот со беспомошно чувство на социјална исклученост и неправда. Многу веруваат дека решението лежи само во законските регулативи, други дека треба да се заострат мерките за казнување на прекршителите на законот, итн. Но, иако се зголемува активноста и спроведувањето на законот и ажурноста на институциите кое вклучува екипирање, трошоци и планирање, сепак, заканата расте. Очигледно, мора да се пронајдат и други начини и методи за да се постигне посакуваната хармонија во општеството.

Еден од ветувачките концепти за постигнување на посаканите резултати е идејата за економска безбедност која мора соодветно да се дефинира и спроведе, заедно со безбедносната и економската политика како целина.

Денес, сите имаме право на безбедност. Тоа е состојба на одбрана на виталните интереси на поединецот, општеството и државата од внатрешни и надворешни закани.

Кога земјата е моќна, таа има историска должност да ги заштити интересите на општеството, но и младите држави мораат да го сторат истото. Со промените кои неминовно се случуваат, државата како сложен политички систем, сама по себе станува кревка, незаштитена, губи контрола врз внатрешните процеси на општеството, (бирократизацијата, корупција), истовремено отуѓувајќи се од него. Со губење на поддршката од општеството, државата станува ранлива.

Економската безбедност се открива преку способноста и можноста на економијата на земјата да опстанува, да се одржува, но и да расте во отежнати услови, неизвесност, опасност и промени.

Република Македонија претставува еден вид на жарче кое од многу аспекти, како историски и географски, така и согласно трендовите на современото општество, е загрозено од застрашувачките пламени на економскиот криминал. Законите во Македонија од оваа сфера се добри и во согласност со европската регулатива. Нивната примена е отежната поради повеќе причини меѓу кои недостиг во подигање на свеста за постоењето на овој вид на криминал. Стратегиите за спречување и превентива од постоечката и потенцијалната закана мора да бидат планирани и имплементирани, а тоа вклучува подготвеност и ажурност на институциите надлежни за спроведување на истите. Значи, задачата да се зачува економска безбедност која е еден од основните предуслови за националната безбедност е во рацете на секој член од заедницата, на индивидуално и на колективно ниво.

## Користена литература


- Abadinsky JR. H., L. T. Winfree, Understanding Crime: Essentials of Criminological Theory, Cengage Learning, Wadsworth, 2009
- Andreas, P. 'Criminalised legacies of war: The clandestine political economy of the Western Balkans'. (guest editor's introduction) Problems of Post-Communism. Vol 51 No 3, 2004
- Bartlett B. L., "Negative Effects of Money Laundering on Economic Development," Economic Research Report for Asian Development Bank, Asian Development Bank, Manila, 2002
- Bassiouni, C., Final report of the United Nations Commission of Experts: Annex III – The military structure, strategy and tactics of the warring factions. S/1994/674/Add.2 (Vol. I)
- Blair William & Brent Richard, Banks and Financial Crime: The Law of Tainted Money, (2008) Oxford: Oxford University Press
- Blair William & Brent Richard, Banks and Financial Crime: The Law of Tainted Money, (2008) Oxford: Oxford University Press, Tyree Alan & Weaver Prudence, Weerasooria's Banking Law, 6 ed (2006) Chatswood: Butterworths
- Bošković G., "Efekti prodora organizovanog kriminala u legalne ekonomske tokove," Revija za bezbednost, No. 7, Centar za studije bezbednosti, Beograd, 2008
- Bošković G., "Organizovani kriminalitet i legalno poslovanje," Organizovani kriminalitet–stanje i mere zaštite, Policijska akademija, Beograd, 2005
- Bošković G., Metodi suzbijanja organizovanog kriminaliteta u oblasti privredno-finansijskog poslovanja (PhD dissertation), Pravni fakultet, Kragujevac, 2007
- Braithwaite John, 'Crime and the Average American', Law & Society Review, 1993
- Brown Jill, Brown Jill L., Medical Insurance Made Easy - Other, Mixed media product, 2005
- Buzan Barry, People, States & Fear: The National Security Problem in International Relations, Department of International Studies, University of Warwick, 1991;
- Council of Europe and European Commission, 2006

- Courakis N., Financial Crime Today: Greece as a European Case Study, European Journal on Criminal Policy and Research, Springer, Netherlands, 2001
- Ćurak M.; Lončar S.; Poposki K.: Insurance Sector Development and Economic Growth in Transition Countries, International Research Journal of Finance and Economics ISSN 1450-2887, 2009
- David W. Sommer James S. Trieschmann, Robert E. Hoyt, Risk Menagement and Insurance - Hardcover, 2004
- Galoa P. M., Krv petrola – Bosna, Naš dom, Beograd, 1996
- George E. Rejda, Mike Mc Namara, Principles of Risk Management and Insurnce - Hardcover , 2010
- Gottschalk Petter , Investigation and Prevention of Financial Crime: Knowledge Management, Intelligence Strategy and Executive Leadership, Gower Publishing, Ltd., Farnham, 2010
- Grizold A., Tatalović S., Cvrtila V., Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti, Fakultet političkih znanosti Zagreb, 1999
- Harrison T., Financial Markets and Institutions, Prentice Hall, 2000
- Holzner and Gligorov, 2004
- Ioannis Michaletos, Trends in Balkan Organized Crime Activities Nov. 27, 11 (http://economiccrimeintelligence.wordpress.com)
- Jackson, M., The rise and decay of the socialist economy in Bulgaria, Journal of Economic Perspectives. Vol 5, No 4, 1991
- Komlenovic U., State and mafia in Yugoslavia, East European Constitutional Review, Vol 6, No. 4, 1997
- Livesey Chris: www.sociology.org.uk
- Lotspeich, R. R., Crime in transition economies, Europe-Asia Studies, Vol 47 No 4, 1995
- Mijalković S., Nacionalna bezbednost – od vestfalskog do posthladnoratovskog koncepta, Vojno delo – opštevojni naučno-teorijski časopis, No. 2, Ministarstvo odbrane Republike Srbije, Beograd, 2009
- Milošević G., Evazija poreza, Nauka – bezbednost – policija, Kriminalističko-policijska akademija – Hanns Seidel Stiftung Belgrade, No. 2, 2006

- Milošević G., Golubović N., Ekonomska aktivnost i društvena struktura – društvena ukorenjenost ekonomske aktivnosti, Ekonomske teme, Ekonomski fakultet, Niš, 2009
- Milošević G., Osnovi ekonomije, Kriminalističko-policijska akademija i Hanns Seidel Stiftung, Beograd, 2007
- Møller B., Nacionalna, socijetalna i ljudska bezbednost – Opšta razmatranja sa prikazom balkanskog slučaja, Ljudska bezbednost, No. 1, Fakultet civilne odbrane, Beograd, 2003
- Paoli L., "The Banco Ambrosiano Case: An Investigation into the Underestimation of the Relations between Organized and Economic Crime," Crime, Law and Social Change, No. 23, Netherlands, Springer 1995
- PriceWaterhouseCoopers (2005): Economic Crime Survey 2005 Switzerland, PriceWaterhouseCoopers
- PriceWaterhouseCoopers, 2005, Economic Crime Survey 2005 [global report], PriceWaterhouseCoopers,
- PWC Global Economic Crime Survey, 2011
- Radio Free Europe, Radio Liberty – Transparency (www.rferl.org)
- Rausch, C. (ed) Combating serious crimes in postconflict societies: A handbook for policymakers and practitioners. Washington, D.C.: United States Institute of Peace Press, 2006
- Report to the Nations on Occupational Fraud and Abuse. Association of Certified Fraud Examiners, 2011
- Schultz, Godson, Quester, 1997
- Shelly L. I., Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to the Nation-State, Columbia Journal of International Affairs, No. 48, Columbia University, New York, 1995
- Sigma, Insurance investments in challenging global environment, No.5, 2010
- Trivunovic, M., V. Devine, and H. Mathisen, Corruption in Serbia 2007, Overview of problems and status of reforms, Bergen, CHR, Michelsen Institute, June 2007
- Tyree Alan & Weaver Prudence, Weerasooria's Banking Law, 6 ed (2006) Chatswood: Butterworths.
- Vondra A., Martin W. M., Introduction to Energy & Security, Energy & Security: Global Challenges – Regional Perspectives, Program of Atlantic Security Studies, Prague Security Studies Institute, Prague, 2005

- Weisburd David, Elin Waring & Ellen Chayet, White-Collar Crime and Criminal Careers, Cambridge, 2001
- World Economic Forum Global Risks 2011 report, CRC Press 2012
- Xhudo G., Men of purpose: The growth of Albanian criminal activity, Transnational Organised Crime. Vol 2, No 1, 1996
- КАРПО Регионален проект, 2007
- Комесариат за бегалци на ОН, „ Проценка на бегалците и раселените лица во Југо-Источна Европа", Женева, УНХЦР, јули 2007
- Котовчевски Митко, Национална безбедност (2011), Филозофски Факултет, Скопје
- Котовчевски Митко, Национална безбедност (2013), Филозофски Факултет, Скопје
- Котовчевски Митко „Облици на криминално дејствување на транс- националниот организиран криминал", Зборник на трудови, Глобализација, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана и Филозофски факултет, Скопје, 2008
- Николоска С. , Кривични дела против службената должност, Графотранс, Скопје, 2008

**ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ**

- books.google.mk
- ec.europa.eu
- economiccrimeintelligence.wordpress.com
- en.wikipedia.org
- finance.gov.mk
- heritage.org
- iii.org
- megatrendreview.com
- mvr.gov.mk
- pravo.org.mk
- pwc.com
- rferl.org

- sociology.org.uk
- stat.gov.mk
- tristarpi.com
- worldbank.org